**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Второто продолжение на Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 јули 2005 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,01 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева Лауренчиќ, Ристана Лалчевска, Кенан Хасипи, Ванчо Георгиев, Рафет Муминовиќ, Абдуладии Вејсели, Аднан Ќахил, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Али Ахмети, Љубчо Георгиевски, Ристо Пејовски, Ѓорѓи Трендафилов и Сашко Кедев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 10 - Предлог на закон за работни односи.**

Пред да продолжиме со претрес по амандманите, ве известувам дека во меѓувреме Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 57 став 4 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Амандманот ви е поделен.

Треба да продолжиме со претрес по амандманите.

Амандманот на член 165 став 2, поднесен од пратениците Никола Б.Камчев, Коста Прешоски, Никола Апостоловски и Ѓорѓи Оровчанец и амандманот на член 165 став 2, поднесен од пратеникот Каролина Ристова, кои се точки 66 и 67 од списокот на редоследот на амандманите по кои се води претрес, се со иста содржина.

Го молам претставникот на Владата да влезе во салата.

Претставник на Владата сега е присутен.

Отворам претрес по амандманот на член 165 став 2, поднесен од пратениците Никола Б.Камчев, Коста Прешоски, Никола Апостоловски и Ѓорѓи Оровчанец и по амандманот на член 165 став 2, поднесен од пратенико-т Каролина Ристова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Господине Камчев, имате збор. Повелете.

**Никола Камчев:** Благодарам претседателе.

Амандманот се однесува на задолжителното предродилно боледување. Во член 165 став 1, породилното боледување трае 9 месеци, во ставот 2, породилното боледување започнува задолжително 28 дена пред раѓањето. Во членот 165 став 1, бидејќи боледувањето трае 270 дена со задолжителното предродилно боледување од 28 дена, се одзема правото на деветмесечно породилно боледување, затоа што терминот на раѓањето, иако е утврден, во голем дел од случаите не се остварува и со тоа се одземаат на породилката деновите предвидени со став 1 од член 165. Значи, породилното боледување практично не може во голем број случаи да трае 270 дена. Тоа е така, заради тоа што ако тоа породилно боледување задолжително се отвора 28 дена пред терминот за раѓање, терминот за раѓање идеално никој не може да го утврди дека ќе биде точно 28 дена и тие денови кога не можат да се искористат во целост или во дел се одземаат од 275 дена. Така што, ставот 1 и ставот 2 се во колизија.

Затоа, предлагам овој амандман да се прифати и во членот 165 став 2 да се избришат зборовите "а задолжително 28 дена пред раѓањето". Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Оровчанец имате збор.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам претседателе.

Јас сум исто еден од потписниците на овој амандман и сметав дека министерот ќе го прифати овој амандман, затоа што ова што го кажа господинот Камчев околу колизијата, потполно ќе се сложам, меѓутоа има и уште некои други работи кои би ги напомнал.

Да бидам поилустративен се зборува за задолжително 28 дена пред раѓањето. Уште еданш да потенцирам дека бременоста е физиолошка состојба, не е болест. Трудницата не мора да го искористи ова 28 дена, затоа што породилното отсуство е практично со сосема друга намена. Доколку има паталошка бременост, тоа е веќе боледување и нешто друго. Меѓутоа, паталошка бременост е процентуално многу помала и спаѓа во сосема друга категорија на отсуство од ова што овде се дава. Проблемот е, господине министре, што вие на овој начин правите уште една додатна индикација за царски рез. Што значи тоа? На пример, трудницата не се породила 28-от ден, а по законот на Стевчо Јакимовски, таа е задолжителна потребна да се побори на 28-от ден. За да не го прекорачи рокот лекарите ќе мора да и направат царски рез и породувањето да биде истиот ден и на тој начин законската обврска да биде реализирана. Тоа е она што е апсурдно во овој член и сметам дека е непотребно, затоа што кумулативното отсуство кое е веќе дефинирано 270 дена, а право е на трудницата кога ќе го употреби. Правото го стекнува со 45 дена пред некој термин на раѓање и кумулативно трае вкупно, практично 270 дена. Би требало да се прифати ова задолжително 28

дена да биде исфрлено, затоа што некоја таква облигација не можеме со закон ние да ја наметнеме и мислам дека не е во ред и не е нормално.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине министре, дообјаснете го ова.

**Стевчо Јакимовски:** Почитуван пратеник Оровчанец, сметам дека сте некоректни во вашата дискусија и ме навредувате. Ова не е мој закон и ова е решение кое што е од постојниот закон. Значи, 28-те дена не ги измислил Стевчо Јакимовски, туку многу далеку некој пред мене.

Второ, на 28-от ден породилното боледување не се прекинува, за да некој прави царски рез, така што сте во голема заблуда, туку породилното боледување кога ќе се отвори, без разлика кога родилката ќе се породи, тоа трае наредните девет месеци. Токму од причините што никој точно не знае кога породилката ќе се породи, според лекарскиот наод 28 дена претходно во интерес на бебето кое што треба да се роди се овие 28 дена, заради заштита на бебето, породилката да биде дома, да мирува и тн., се она што е потребно да се посвети на породувањето и на тоа идно бебе. Тоа е целта на тие 28 дена. Уште еднаш повторувам, јас тоа не сум го измислил, туку многу, многу одамна некој пред мене го измислил и го ставил во законот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Оровчаенец имате три минути реплика.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине министре и Бранковиот закон не беше на Бранко Црвенковски, па го викавме Бранков закон. Меѓутоа, тоа е тоа, така што и овој закон ќе биде крстен по вас. Тоа е една работа.

Втора работа е, еве повторно вие навлегувате во медицински индикации дека во интерес на детето било 28 дена пред породувањето жената да била дома. Нема врска. Ниту медицина, ниту медицински индикации, ниту било што друго е потребно. Мислам треба да сфатите дека трудницата е здрава особа, детето кое е здраво се е тоа една нормална физиолошка состојба. Таа може истиот ден да оди на работа и другиот или истиот ден да се породи. Облигација за да мора да оди, практично, на боледување како што кажувате, јас го кажувам отсуство, од 28 дена медицински не постои. Според тоа, доколку веќе сме детерминирале 45 дена дека може, тогаш на нејзе останува дали ќе биде 45-от ден, дали 28-от ден, 10-от ден или истиот ден на породувањето.

**Љупчо Јорданвски:** Благодарам.

Госпоѓа Ристова повелете имате збор.

**Каролина Ристова:** Благодарам господине претседател.

Мојот амандман е буквално со истиот ефект, само јас се јавив за збор да кажам неколку аспекти, кои што претходно колегите не ги кажаа. Тие повеќе зборуваа за медицинските аспекти и јас навистина се придружувам кон тоа, особено и во претходната фаза дискутирав дека бременоста не е болест. Меѓутоа, јас сакам овде да нагласам дека мене ми е апсолутно чудно повторно за тој некој тоталитарен инстикт што ние како законодавец или како држава би го пројавувале, со тоа што во областа на правата на еден чуден начин наметнуваме и обврски. Ако е целта, како што вели министерот, да се заштити детето кое што треба да се роди односно да се обезбеди непосредно пред породувањето услови кои што ќе значат полесно подготвување за породување, секако дека самата идна родилка заедно со својот лекар за тоа води сметка и тоа не е исклучено ако остане решението односно можноста 45 дена пред породување во консултација со доктор да се издоговорат овие работи. Меѓутоа, да се предвидува обврска од 28 дена, тоа навистина не е во ред. Многу идни родилки со кои што сум била и јас претходно оделе на работа буквално и до последниот работен ден. Исто така, многу жени реагираат на ваквото решение токму заради оние аспекти за кои зборуваа претходно моите колеги дека на тој начин практично ефективното породилно отсуство и ефективното време кога ќе се роди бебето за да се помине, се губи односно се губат денови. Значи, исто така, само сакам да кажам дека министерот дава чудно образложение дека едно вакво решение постоело и во претходниот закон и само затоа што постоело, ние треба да го задржиме. Мислам, не ми е јасна која е тука аргументацијата, бидејќи има многу решенија што има во претходниот закон да седат заради подобрување, заради менување на општествениот, економскиот, културниот и другиот контекст во државата, ние тие решенија треба соодветно да ги менуваме односно да ја одразуваме реалноста или да градиме некоја идна реалност. Јас, навистина, не познавам демократска земја, дали во рамките на ЕУ или воопшто било каде, каде што наметнува ваков тип на обврска. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господинот министер има реплика.

**Стевчо Јакимовски:** Бидејќи, кај вас многу жени се обратиле што сметаат дека овие 28 дена не треба да бидат, кај мене се имаат обратено многу жени кои што треба да сметаат дека треба да се продолжи, особено оние кои што работат на машина во производниот процес.

**Љупчо Јордановски:** Контра реплика, госпоѓо Ристова. Повелете.

**Каролина Ристова:** Господине минситер, кога е право, тогаш оние кои што сакаат ќе го користат, оние кои што не сакаат односно кои во консултација со докторот ќе утврдат дека немаат потреба, нема да го користат. А, вие им наметнувате обврска буквално на сите без оглед дали има и медицински или друг вид на одлуки, да мора да одат 28 дена претходно, а башка проблемот како ќе ги утврдуваме тие, дали

бирократски со предвидениот термин за раѓање. Значи и тие што доаѓаат кај вас и велат дека мора да останат заради производниот процес, тоа со сегашното решение без тие задолжителни 28 дена, апсолутно им е овозможено.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Биковска, повелете имате збор.

**Наташа Биковска:** Еве и јас чувствувам за потреба да го искажам своето мислење и ќе кажам на самиот почеток дека во потполност се сложувам со сите четири става од членот и без премногу да објаснувам зошто се потребни задолжителни тие 28 дена пред раѓање да започне отсуството за бременост, раѓање и родителство, ќе посочам само дека се намалуваат голем дел од ризиците. Потенцирам, за потполно здрава родилка, нормален плод, а истовремено се исполнува само еден од предусловите, кои што наоѓаат свое место и во меѓународните конвенции и за заштита на здрава родилка, породување по нормален пат и здраво поколение.

Впрочем, почитувани колеги, обврска е на државата и на националното здравство, водејќи сметка за сите категории на граѓани, без разлика на нивната интелектуална и социјална положба да ги обезбеди сите предуслови, се разбира, еден дел и преку законската регулатива. Само ќе посочам дека ќе бидат доведени докторите во ситуација да пишуваат боледувања, за да може родилката да си посвети внимание на себе и да измислуваат паталошка состојба и не смееме да дозволиме статистиката да ни покаже се што може да се случи во овие 28 дена, од невнимание или од сите други ризици што се по родилката и по плодот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** За реплика е пријавена госпоѓа Ристова.

Повелете, три минути.

**Каролина Ристова:** Јас би ја прашала мојата колешка Биковска нека каже точно во која меѓународна конвенција пишува ваква обврска. Верувајте, во конвенциите обично се пишуваат права и обично филозофијата, пристапот никогаш не е тоталитаристички во смисла дека државата, односно законодавецот, во конкретниов случај, треба да наметнува ваков тип на обврски, каде што треба да се остави идната родилка заедно со докторот да го реши тоа прашање и таа загриженост, за која што вие зборувате, а која што повторно ќе кажам, не е исклучена со решението за 45 дена пред породувањето, идната родилка да може да замине, како што велите вие, да си се посвети на себе.

Ако ваквото решение остане и ако останам јас пратеник јас кога ќе затруднам да видам дали вие 28 дена пред породување ќе ме тргнете од Парламентот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓа Биковска една минута контра реплика.

**Наташа Биковска:** Мене не ми е јасно како може оваа одредба и овој став од законот да се смета за обврска. Верувајте, тоа е право што се дава на родилката, а некој ако тргнува од својот личен пример и јас ако тргнувам од својот личен пример овие 28 дена не ми биле потребни, но треба да се мисли за сите категории на граѓани. Пак ќе повторам, не смееме да дозволиме докторите да бидат во состојба да измислуваат состојби поради кои родилката ќе остане дома.

**Љупчо Јордановски:** Господине Апостоловски повелете за реплика три минути.

**Ванчо Апостоловски:** Благодарам господине претседателе.

Јас како еден од потписниците на амандманот сакам да го прочитам ставот 2 кој вели:" врз основа на наод од надлежниот здравствен орган. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Апостоловски вие баравте реплика?

**Ванчо Апостоловски:** Да, да.

**Љупчо Јордановски:** Кажете на што реплицирате, на кој став. На госпоѓа Биковска ли?

**Ванчо Апостоловски:** На став 2.

Репликата се состои во тоа што дадено е правото од 45 дена, а веднаш после даденото право се скратува, се намалува на 28 дена. Затоа предлагаме да се избрише "задолжително 28 дена пред пораѓање". Даваме право, а потоа го скратуваме правот. Тоа е поентата на амандманот. Да не се скратува еднаш даденото право.

**Љупчо Јордановски:** Јас ве разбирам што е поентата, ама вие баравте реплика. Значи, преку ред доаѓате за збор.

Господине Оровчанец имате реплика ве молам.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Да ви кажам право господине претседателе јас сум збунет од колешката и по функција, значи пратеник и колешка по стручност односно докторка од она што таа овде го презентира.

Прво, очигледно дека не е јасно што значи тоа задолжително. Задолжително не е право, тоа е обврска. Ако треба јас тоа да ви го објаснувам тогаш, незнам.

Втора работа, колешке што треба да ја сватите е дека сигурно треба континуирана медицинска едкукација. Ова што го зборувате за здравството нема врска со здравството, тоа може да биде само во некоја рубрика за совети во некое списание од шљ, категорија и мислам дека немате право да ја замајувате јавноста со работи кои што се недолични за Собранието. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓа Биковска една минута .

**Наташа Биковска:** Почитуван колега Оровчанец прво ова не е континуирана медицинска едукација, која што јас ја завршив пред да станам пратеник, а вие немате ни право да ја посетувате во тој дел и затоа ве молам да бидете коректни во

репликата. Ако имате аргументи кажете ги. Тоа го зборувам и од пракса и од интерес на сите категории на родилки.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Грковска, имате збор.

**Славица Грковска:** За да биде појасно за што зборуваме тука јас ќе го прочитам ставот 2 од членот 165. Ставот 2 вели: " Врз основа на наод од надлежниот здравствен орган работничката може да го започне отсуството за бременост, раѓање и родителство 45 дена пред раѓањето, а задолжително 28 дена пред раѓање". Значи врз основа на наод на надлежен здравствен орган работничката може да го започне отсуството 45 дена порано, меѓутоа не мора доколку здравствениот орган не оцени дека има потреба за тоа. Делот на задолжителното започнување на породилното боледување 28 дена пред раѓање е апсолутно непотребен, затоа што како прво, како што спомнаа и претходните колеги пратеници кој ќе го одреди точниот ден на раѓање, а

Второ, воопшто не го исклучува правото кое што е дадено со претходниот дел од членот да започне породилното боледување пред одредени денови пред породувањето доколку задравствениот орган го утврди тоа.

Јас за разлика од моите колешки не тргнувам од личен пример, не сум била досега во позиција да бидам мајка, меѓутоа убедена сум дека нема жена бремена која што нема да го послуша мислењето на здравствениот орган кој доколку и препорача дека треба порано да го отпочне породилното боледување да не го почитува тоа и да не го примени токму заради здравјето на нејзиното дете. Затоа сметам и апелирам до сите пратеници да го подржат овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Бонева, имате збор.

**Силвана Бонева:** Благоддарам господине претседател.

Јас се јавувам за подршка на овој амандман на госпоѓата Каролина Ристова токму заради тоа што таа имаше веќе доставено амандман, па јас не го поднесов амандманот што го напишав.

Навистина не можам да ги разберам дискусиите во овој Парламент кои што ја третираат бременоста како болест кај жената. Јас ќе тргнам од мој личен пример, мајка сум на две деца и до последниот ден одев на работа и најнормано ги извршував сите обврски и на работното место и во семејството. Не смее да и се одземе правото на бремената жена сама да одлучи кога таа ќе си го земе породилното боледување. Жално е доколку со закон и се одземат 28 дена да биде таа со своето дете. Значи наместо таа да биде со своето дете, наместо да се грижи за неговиот психофизички развој, наместо да го дои таа треба 28 дена од тоа да се откаже само заради тоа што законодавезот мисли дека тоа и е потребно на неа пред нејзиното пораѓање. Не, колеги. Повеќе и е потребно после породувањето 28 дена да не го остави само дома и да тргне на работа одколку да ги користи овие 28 дена пред породувањето. Зборувам за мајките кои што се здрави и кои што немаат никакви проблеми. Мислам дека апсурд е во овој Парламент да се расправа по овој амандман, туку сите колеги пратеници треба да го подржат и да стане составен дел на законскиот текст. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Андов имате збор.

**Стојан Андов:** Господине претседателе и јас сакам да го подржам овој амандман.

Треба да тргнеме од претпоставката дека жените родилки додека се бремени и имаат нормална бременост и не се претежно оптоварени со други здравствени тешкотии не се болни. Тоа што може да се искомплицира бременоста во последните 45 дена дадено е право и во законот и во амандманот. Затоа мислам дека амандманот треба да се прифати. Нема никаква потреба да се определуваат 28 дена, што значи дека последните 28 дена задолжително бремената жена е болна. Нема потреба од тоа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине министре.

**Стевчо Јакимовски:** Жената не е болна 28 дена пред پوروѓај. Овие 28 дена се дадени во интерес на бебето кое треба да се роди. Ова е претпоставка жената од работа да оди директно на пораѓај, со амандманот што се предлага. Ние не можеме да прифатиме таков амандман.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓа Ристова за реплика.

**Каролина Ристова:** Образложението што сега го слушнавме од господинот министер, кое што и претходно го кажа, веќе почнува и страв да ме фаќа практично од политичката филозофија која што ја заговара, вели "во интерес на идното дете". Значи со закон ние треба волјата на мајката да ја исклучиме и ние како законодавци да одлучуваме чиј императивно се обврски на идното дете. Дали тоа господине министер вие заговарате да се ограничи правото и слободата на идните мајки односно на жените да располагаат со својот живот, здравје, идниот пород итн. Ако тргнеме по таа политичка филозофија многу далеку ќе стигнеме во некои концепти во однос на статусот и положбата на жената во општеството што веќе сме го надминале. Жените имаа право да располагаат во консултација со свој доктор за своето здравје, за својот пород итн. Неможе никој да го наметнува тоа и да ја ограничува нивната слободна волја тоа да го прават.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван господине министер.

Во интерес на идното дете е 28 дена мајката да може непречено да го дои своето дете и 28 дена таа да се грижи за неговиот психофизички развој

постојано. Тоа ќе биде многу подобро за идното дете отколку на мајката да и се одземат 28 дена и на детето да му се одземат 28 дена.

Доколку е потребно, кажано е во ставот 2 дека може на барање, во консултација со лекар 45 дена порано да го започне породилното боледување. Јас не знам што е овде спорно. Значи овде не сакаме да се разбереме.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, повелете госпоѓо Грковска три минути реплика.

**Славица Грковска:** Она што е во интерес на идното дете го утврдува надлежен здравствен орган, а надлежниот здравствен орган ќе утврди дали отсуството за бременост , породување и родителство треба да почне 45 дена пред порудувањето или не. Значи во интерес на идното дете е надлежниот здравствен орган тој што одлучува, никој друг.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Господине претседателе претпоставувам дека ниеден пратеник нема ни морално право, никакво право нема да каже дека тој подобро знае од мајката што е во интерес на детето, дали 28 дена да биде избркана од работа, да и биде забрането да оди на работа, или може да оди до претпослениот или последниот ден на работа. Тоа никој од нас немаме право да и го одземеме на мајката сама да одлучува. Ако има потреба таа ќе се обрати кај лекар и за 45 дена може да го користи тоа. Неможам да сватам како ја можам, или било кој од нас овде дека мора да оди, нема да работи 28 дена претходно, тоа било во интерес на детето , или пак таа не е свесна па затоа ние со закон ќе и наредиме. Тоа невозможна работа е.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Станковска имате збор.

**Славица Станковска:** Благодарам претседателе.

Чувствувам потреба да се вклучам во расправата по овој амандман и во текот на расправата во првата фаза, по предлогот на закконот и овој член дискутирам и сметам дека доволно е предвидено со законот и се дава можност 45 дена користење породилно отсуство пред раѓање на новороденчето, но тоа право родилката ќе си го користи според состојбата во која се наоѓа. И тогаш реагирав дека не се потребни дополнителни 28 дена, и сега во втора фаза, но од претставници од Министерството добив толкување дека така е во законите од земјите од ЕУ. . .

**Љупчо Јордановски:** Ги замолувам пратениците да ги исклучат мобилните телефони да не разговараат меѓу себе да се сослушаме.

**Славица Станковска:** Инаку, ќе го подржам амандманот и ако се повикуваме на сопствено искуство како мајка на три деца за нега на новороденче и присуство на мајката со новороденчето многу значи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Апостолов.

**Петар Апостолов:** Јас се јавував како реплика, но ќе ја искористам како дискусија многу кратко.

Поставувам повеќе прашања. Дали овде ние помислуваме на жените кои работат во потешки услови на работа. Конкретно нашите жени во текстилната индустрија, бидејќи на нив сигурно тие 28 дена им требаат. Дали сите жени се интелектуалки па да можат да работат до последен ден на работа и на крајот рентабилноста на жената што работи во текстилната индустрија дали ќе може да биде иста рентабилноста со онаа што не е во таква состојба до последниот ден да работи.

Инаку да ви кажам дека на репликите пред време нема да одговорам затоа што нема одговор на овие реплики.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓа Ристева три минути за реплика.

**Каролина Ристева:** Господине претседателе јас мислам дека предлагачот на амандман има право прв да земе збор. И јас сум предлагач, но се јавувам за реплика.

**Љупчо Јордановски:** Значи редот го давам.

**Каролина Ристова:** Да.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Камчев.

**Никола Камчев:** Јас сум предлагач на овој амандман и сакам да кажам две работи.

Прво, овој амандман содржи две многу интересни дијаметрално различни работи. Првата е законската околу одземањето на правото на родилката да ги користи 275 дена. Тоа е ставено и во образложението.

Второ, медицинскиот аспект за оваа работа.Ако овде некој е стручен и компетентен и орган кој го утврдува правото на жената да оди на боледување тоа сум јас. 30 години јас отворав најмалку по 300 родилни боледувања и мислам дека нестручни и некомпетентни луѓе да се впуштаат во медицинските образложенија во овој дел од законот е невкусно. Јас го предложив овој амандман исклучиво од тоа што имам искуство да кажам дека 28-те дена пред родилното боледување се денови кои во многу голем случај не се користат од страна на родилката, а законот дозволува 45 дена пред терминот нараѓање да се отвори породилно боледување или отсуство со наод на стручен и компетентен човек кој ги знае тие работи. Овде не е одземено правото на жената која работи во канцеларија, или не и е дадено правото и не и е одземено правото на таа која работи на машина. Сто пати годишно сум имал прилика да дојде жена да рече докторе јас веќе не можам да одам на работа. На основа на нејзиното образложение и на основа на наодот се отвора родилното боледување. Дали ќе биде 28 дена, 30 дена или 15 дена пред терминот на раѓање тоа се чини и жената е заштитена како

родилка и нејзиниот плод е заштитен како идно бебе. Заради тоа го предложив овој амандман. Ако некој има право и стручно и компетентно да расправа за оваа работа во овој Парламент сум само јас, нема друг. Ако беше за ветерина ќе разговараше Борче. Жените два пати во нивниот живот им се случува тоа, на мене 10 пати во денот ми се случуваше тоа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Да, ама амандманот има и политичка содржина. Има и други кои што можат да дискутираат по амандманот.

Госпоѓо Ристова повелете за реплика на господинот Апостоловски.

**Каролина Ристова:** Господине претседател се јавив да повторам нешто што мислам дека е толку јасно и навистина ме фасцинира зошто на некои колеги не им е јасно. Тоа е, како што спомена колегата, интелектуалките и други кои релативно не се занимаваат со физичка и тешка професија можат да одат на работа до последниот ден, а додека тие во фабрика неможат.

Токму со ова решение кое што дава 45 дена пред породувањето да се оди на породилно отсуство им овозможува, односно води сметка и за таквиот тип на жени, значи трудни жени кои работат физички тешка професија. Она што овде реагираме, и колегата пратеник Камчев, и Оровчанец и јас со амандманите, бидејќи ни се со иста содржина, е практично претворањето на право во обврска, јас би рекла на еден многу мачен начин. Едно се медицинските аспекти кои се релевантни и тука не би се согласила со тоа, наместо законодавецот доктор треба да одлучува. Во крајна линија одлучува корисникот на здравствената услуга за секое прашање од сопственото здравје вклучително и бременоста, значи во случајов треба да се остави на идната мајка да си одлучи, а нормално таа секогаш во принцип го слуша својот доктор. Но не треба никој да и ја одзема слободата на волјата да одлучи за тоа и тука е целата битка, тука е целата политичка филозофија. Значи ние не смееме слободите и правата на граѓаните на еден тоталитарен начин да ги ограничуваме таму каде што апсолутно нема место да го правиме тоа. А се води сметка и за тие што работат физички лесна професија и оние што работат физички тешка професија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Оровчанец, и вие имате потреба од реплика? Повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Мене ме зачуди таквата поделба на интелектуалци и тешки физички работнички, па незнам што. Овде зборуваме за бременост и за мајчинство и за пород. Можноста во законот е, сепак, колега, дадена 45 дена да може, врз основа на нејзината состојба, врз основа на консултацијата со нејзиниот лекар итн., да го отвори породилното отсуство. Меѓутоа, не гледам никаква причина и вие не ми објаснивте која е причината да ја наметнеме обврската 28 дена да мора. Мислам дека со ваков став на поделба на интелектуалци и работнички, не знам што, ја дезавуирате практично суштината на амандманот кој што го даваме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Да, збор барам, многу кратко.

Почитувани пратеници, како што рече претседателот, овој амандман има и политичка, а не само стручна димензија и во тој дел сакам да се вклучам. Веднаш сакам да кажам дека од досегашните дискусии посебно на докторите по професија и од позицијата и од опозицијата, а гледајќи ја и содржината на амандманот и образложенијата и аргументите кои беа изнесени, апсолутно ги прифаќам. Значи сите ние мислиме добро и на мајките и на децата, ги прифаќам образложенијата на докторите и од позицијата и од опозоцијата и ќе го поддржам овој амандман во интерес на она што беше кажано и ги повикувам останатите пратеници истото да го сторат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Вредно е сега сите да се собереме, бидејќи дискутираме по еден амандман скоро еден час.

Ги молам пратениците да седнат на своите места за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Молам службите да го утврдат бројот.

Молам пратениците да седнат на своето место. Ако нешто се договарате, побарајте пауза.

Господине министре, ве молам седнете на своето место, а исто така и координаторите на пратеничките групи.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повиккувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 33 пратеници гласале за амандманот, 7 воздржано и 20 против амандманот.

Во салата се присутни 68 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 165 за додавање нов став 5 по ставот 4, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете господине министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Госпоѓа Бонева се пријави пред вас. (И се обраќа на пратеничката Славица Грковска)

Повелете госпоѓа Бонева, имате збор.

**Силвана Бонева:** Претседателот ќе ја затвореше расправата, ако не се јавев за з бор.

**Љупчо Јордановски:** Нормално, следете, завршивме со гласањето по амандманот, нема потреба од возбуда. Тоа е системот.

**Силвана Бонева:** Бидејќи амандманот е од колешката, го давам мојот ред на колешката Грковска. Се јавив за збор да не остане без збор.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи бевме возбудени, да прочитам уште еднаш. Станува збор за член 165 за додавање нов став по ставот 4. Тоа е амандманот поднесен од госпоѓицата Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, мојот амандман предвидува додавање на нов став во членот 165 кој се однесува на отсуството од работа поради бременост, раѓање и родителство. Со тој амандман се предвидува ако детето е родено пред време, тогаш породилното отсуство се продолжува за онолку време за колку што детето е предвреме родено.

Сметам дека ќе имаат разбирање пратениците, со оглед на тоа што во праксата се покажала дека децата кои што се пред време родени, да речеме седуммесечно бебе, навистина му е потребна дополнителна и подолга нега во однос на децата кои што се родени на време. Мислам дека ќе најдеме на поддршка од пратениците. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, повелете, имате збор.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, една од причините што како пратеничка група доставивме. . .

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, почекајте малку. Јас ќе чекам колку што ќе чекам додека овде се воспостави тишина.

Би ги замолил камерите малку да прошетаат меѓу пратениците, за да видиме колку сме внимтателни по вакви амандмани.

Повелете госпоѓо Бонева, продолжете.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, поучени од нашето претходно искуство со другите закони кога доставувавме огромен број амандмани, овој пат се одлучивме за многу малку амандмани, за тие кои што веќе колегите пратеници од парламентарното мнозинство ги немаа поднесено и токму заради тоа, амандманот кој што го достави колешката Славица Грковска апсолутно идентичен со оној кој јас го имав подготвено и не го доставив, решивме да се приклучуваме на колегите пратеници бидејќи целта ни е иста, да направиме што подобар закон за работни односи.

Токму од тие причини, сакам да ја искажам нашата силна поддршка и за овој амандман. Мислам дека не постои ништо спорно ако некое дете е предвремено родено да се продолжи породилното отсуство на мајката за времето за кое детето е предвреме родено. Ако некое дете е родено на седум месеци, тоа значи дека уште два месеци плус ќе има мајката да се посвети на детето, да закрепно детето, таа психолошки да се ослободи од грижата што ја има по него за да може да го остави само, да биде гледано односно негувано од некој друг. Значи многу понеопходна е грижата и негата за дете кое што е предвреме родено отколку за дете нормално родено и од тие причини барам поддршка од сите колеги пратеници да го поддржат овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 15 пратеници гласале за амандманот, 5 воздржано и 40 против амандманот.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 166 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика. Повелете господине министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓице Грковска, имате збор.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, амандманот се однесува на член 166 кој што предвидува повторно враќање на работа од отсуство на работа поради бременост, во случај кога работничката која користи вакво право ако сака може да се врати на работа и пред истекот на породилното отсуство.

Со амандманот се предвидува дополнително додавање на нов став, каде што се предвидува користење на скратено работно време по завршувањето на породилното отсуство во однос на еден од родителите. Имено, ако породилното боледување заврши порано по желба на работничката, тогаш еден од родителите да има право да работи половина работно време до наврщување на една година од животот на детето. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 12 пратеници гласале за амандманот, 1 воздржано и 46 против амандманот.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот пред член 167, член 167 за додавање нова реченица на став 1 и на став 2, поднесен од пратеникот Каролина Ристова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика. Повелете господине министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не е пријавен за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 10 пратеници гласале за амандманот, 3 воздржано и 46 против амандманот.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 167 за менување на став 1, поднесен од пратениците Благородна Мингова и Ангел Димитров, придружени со пратениците Цветле Јаневска, Емилија Костадинова, Наташа Биковска, Цветанка Гашоска и Лилјана Поповска .

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете господине министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот е апсолвиран со амандманот од Законодавно-правната комисија кој е составен дел на законот. Не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓа Мингова, имате збор.

**Благородна Мингова:** Токму тоа, нашиот амандман кој беше поднесен пред да ги добиеме амандманите од Законодавно-правната комисија е апсолвиран со тоа решение и заради тоа не гледам потреба да расправаме по него и во име на предлагачите го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Една работа, морам само да ве известам или да ве информирам. Ние три дена расправаме по амандманите и вие можевте во овие три дена кога ги видовте амандманите од Законодавно-правната комисија пристојно да ги повлечете сите тие што се апсолвирани. Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Глава 12, Посебна заштита на насловот, скратено работно време на родител на потешко хендикепирано дете и на член 169 став 1 поднесен од Комисијата за труд и социјална политика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете господине министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на насловот пред членот 169 и на член 169 став 1 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете господине министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓице Грковска, имате збор.

**Славица Грковска:** Почитувам претседателе, амандманот се предлага на членот 169, и во насловот и во членот 169 став 1, терминот "потешко хендикепирано дете" да се замени со зборовите "дете со потешки пречки во развојот", заради тоа што терминот "потешко хендикепирано дете" прво не соодветствува на актуелната состојба и за ваквиот термин имаме укажување и од Националното координтивно тело дека не би требало да се применува и сметам дека би требало овој амандман да се прифати, затоа што терминот "дете со потешки пречки во развојот" ја опфаќа категоријаа на деца, меѓутоа, не ги маркира и не ги става во категорија во која тие припаѓаат. Благодрам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повиккувам да гласаме.

Гласале 50 пратеници, 12 пратеници гласале за амандманот, 3 воздржано и 35 против амандманот.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 171, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете господине министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓице Грковска, имате збор.

**Славица Грковска:** Во амандманот се предвидува работничката која го дои детето и по изменувањето на отсуството да започне со работа со полно работно време и да има право на платена пауза во текот на работното време во траење од 1,5 час дневно, меѓутоа, спорното е тоа што во овој член се вели дека во тоа време од 1,5 час се пресметува и дневната пауза. Лично сметам дека тоа е многу малку, особено што ние како држава која сме ја ратификувале Европската социјална повелба сме обврзани, како што се вели во членот 8 точка 3 "да им обезбедиме на мајките кои ги дојат своите деца доволно паузи наменети за таа цел". Еден ипол час мислам дека не обезбедува доволно време, барем два пати во текот на работниот ден мајката да може да го дои детето. Сметам дека овој амандман ќе наиде на поддршка особено од пратеничките кои веќе биле мајки и кои сметам дека би требало да имаат разбирање за овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 8 пратеници гласале за амандманот, 4 воздржано и 43 против амандманот.

Молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Го поништувам гласањето, бидејќи во салата се присутни 60 пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Во салата влегуваат неколку пратеници).

Повторно амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 9 пратеници гласале за амандманот, 3 воздржано и 43 против амандманот.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отоварам претрес по амандманот за бришење на член 237, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 8 гласале за амандманот, 2 воздржани, 47 против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот.

Отоварам претрес по амандманот на член 238 за бришење на став 4, поднесен од пратеникот Ристе Бислимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Сметаме дека во нашиот член е сосема доволно решено ова прашање и од тие причини амандманот не го прифаќаме.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, 9 гласале за амандманот, 2 воздржани, 42 против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот.

Отоварам претрес по амандманот за бришење на член 241, поднесен од пратеникот Есад Рахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минстерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаѓа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 40 пратеници, 4 гласале за амандманот, 2 воздржани, 34 против.

Бидејки многу малку пратеници гласале, ги молам службите да го утврдат бројот на пратениците во

салата, а ги молам пратениците сепак да притиснат едно од трите копчиња.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот.

Отоварам претрес по амандманот за менување на насловот пред член 242 и на член 242 за бришење на став 1, поднесен од пратениците Драго Шајноси и Ристо Пејоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Шајноски имате збор.

**Драго Шајноски:** Амандманот е поднесен со цел да се оневозможи спречување на организирање и спроведување на штрајк односно со овој амандман се прејудицира дека штрајкот ќе бил незаконски.

Мислам дека додека не почне да се спроведува штрајкот, немаме аргументи според кои ќе се суди дали нештото е законско или незаконско. На овој начин се угушува иницијативата на работниците активно да учествуваат во развојо тна фирмата.

**Љупчо Јордановски:** Бидејки никој повеќе нема пријавено за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, 6 гласале за амандманот, 1 воздржани, 46 против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието господинот Слободан Најдовски)

**Слободан Најдовски:** Отоварам претрес по амандманот за бришење на насловот пред член 244 и на членот 244, поднесен од пратениците Драго Шајноски и Ристо Пејоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете господине Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Сметаме дека насловот е соодветен.

Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Драго Шајноски.

**Драго Шајноски:** Амандманот мораше да се поднесе, имајки предвид дека се бараше бришење на став 1 од членот 242 и мораше да се променат насловите. Според тоа сега е беспредметно. Го повлекуваме амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е повлечен.

Отоварам претрес по амандманот на член 250 став 2, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Амандманот го поднесов со цел да се заштити дете кое е помладо од 15 години, а кое се ангажира во снимање на филмови, подготовки, изведување на уметнички, сценски и други слични дела.

Со амандманот се бара вакво ангажирање на дете помладо од 15 години, да биде по претходноодобрение од Министерството за труд и социјална политика.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да преминеме на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 5 гласале за амандманот, 3 воздржани, 47 против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот на член 250 став 2, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Отоварам претрес по амандманот на член 250 став 2, за бришење на втората речениц аи на став 4, поднесен од Комисијата за образование, наука и спорт.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот на Комисијата се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на предлогот на текстот на законот.

Отоварам претрес по амандманот на член 250 став 3, поднесен од пратениците Петар

Апостолов, Соња Лепиткова и Роза Топузова-Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на предлогот на текстот на законот.

Отоварам претрес по амандманот на член 250 за додавање два нови става 4 и 5, по ставот 3, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе, го повлекувам амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е повлечен.

Отоварам претрес по амандманот на член 259 став 1, за додавање нова точка 5 по точката 4, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 5 гласале за амандманот, 5 воздржани, 45 против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот на член 259 став 1 за додавање нова точка 5 по точката 4, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Отоварам претрес по амандманот за додавање нов член 259-а по член 259, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Амандманот е предложен затоа што сметам дека треба да се овозможи дополнителна заштита на децата, на работниците кои сеуште не наполниле 18 години. Имено со амандманот се предвидува, ако инспекторот за труд се посомнева дека работата штоја вршат овие работници го загрозува нивното здравје, тогаш во било кое време да може да побара од работодавачот овластен лекар да го прегледа работникот и во наодот и мислењето да оцени дали работникот врши работи кои го загрозуваат неговото здравје и развој.

Понатаму во амандманот предвидено е који други мерки би требало да ги преземе инспекторот до колку се утврди ваква ситуација и се предвидува дека иницијатива за поведување на ваква постапка да може да покрене работник, неговиот родител, односно старател или Синдикатот.

Очигледно дека нема да добие подршка и овој амандман, заради тоа го повлекувам.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е повлечен.

Отоварам претрес по амандманот на член 264 став 1 точка 6, поднесен од пратеникот Каролина Ристова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор, пратеникот Каролина Ристова.

**Каролина Ристова:** Овој амандман беше поврзан со еден претходен кој не беше изгласан, така што станува беспредметен и го повлекувам.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е повлечен.

Отоварам претрес по амандманот на член 264 став 1 точка 21, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на предлогот на текстот на законот.

Отоварам претрес по амандманот на член 269 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Есад Рахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот не се прифаѓа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеници, 6 гласале за амандманот, 1 воздржани, 45 против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот на член 269 за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Есад Рахиќ.

Отоварам претрес по амандманот на член 271, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете министре.

**Стевчо Јакимовски:** Овој амандманот е логичен и се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Благоја Гешоски.

**Благоја Гешоски:** Имам процедурално, господине потпретседателе, од причини што во амандманската расправа има поднесено уште еден амандман, амандман 3 од Комисијата за труд и социјална политика, на членот 272, а во амандманскиот претрес, вие во списокот на доставени амандмани по кои дискутиравме, тој амандман не го ставивте на расправа и не отворивте расправа по него. Имено станува збор за амандман на членот 272, со кој амандман се согласи претставникот кој присуствуваше на Комсисијата за труд и социјална политика.

**Слободан Најдовски:** Ако се согласил претставникот на Владата т.е. министерот или заменик минситерот, на Комисијата, тој станува составен дел на предлогот на текстот и воопшто не е повеќе предмет и не се отвара расправа.

**Благоја Гешоски:** Благодарам. Бидејки имаше и претходно амандмани кои беа поднесени од Комисијата.

**Слободан Најдовски:** Ако се согласил повереникот. Во ред.

Има збор пратеникот Стојан Андов.

Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Господине потпретседателе сакам да го истакнам следното:

Овој закон е еден од поважните закони и овој пат Собранието се најде пред задача да даде зелено светло на еден сериозен подфат и многу работи во оваа област, со овој закон се расчистуваат.

Бројните амандмани што беа поднесени од пратениците имаат за цел да го подобрат текстот на законот и се разбира ако поголем дел од нив беа усвоени или прифатени од претставникот на Владата, ќе имавме и подобар закон.

Меѓутоа, сакам да истакнам дека во постапката што се водеше во Парламентот пред оваа пленарна седница, предлозите што ги даваа претставниците на Либералната партија во комисиите, беа прифатени од претставниците на Владата. Затоа ние пратениците од пратеничката група на Либералната партија ќе го подржиме донесувањето на овој закон и ќе гласаме за.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Андов.

Има збор пратеникот Драго Шајноски.

Повелете господине Шајноски.

**Драго Шајноски:** Благодарам потпретседателе.

Мојата дискусија носи наслов-Други времиња, штрајкот и газдите.

Во дискусијата ќе зборувам за членовите од 13 до 21 кои се однесуваат на договорот за вработување и типови на договори и за членовите од 236 до 245, кои се однесвуаат на штрајкот. Ќе се обидам со еден мал увод од минута две, да влезам во овие проблеми и во вториот дел кој исто ќе трае две, три минути да извлечам заклучок што значат овие членови за нашата држава.

Поминаа времињата кога немаше газди и кога работниците играа двојна улога во филмот наречен - социјалистичко самоуправување. Ем беа работници од свое име, ем беа газди самоуправувачи, од името на државата. Во така поставен ред и систем, логично беше и да нема штрајкови, бидејќи формално немаше против кого да се штрајкува. Но, сега се други времиња, како што ќе рече Константин Миладинов, во неговата песна "Шупелка". Пред овој стих тој кажува што правел порано, а по него што сака сега. Значи оваа реченица го означува моментот кога тој сватил дека тој се променил со времето. Значи и во оваа земја луѓето одамнина ја свáќале филозофијата на нужната промена во однесувањеот на луѓето, во согласност со новите времиња , што е природна дарба.

Што имаме денес во Република Македонија? Веќе 15 години политички сме влезени во нов општествен економски поредок наречен капитализам, а не можеме да сфатиме дека сега се други времиња и упорно си живееме со филмот за работничкото самоуправување. Никако да излеземе од филмот надвор и да видиме дека

сега се други времиња, каде не можеме сами и да свириме и да си играме по својата свирка. Дојде време едни да свират, други да играат. Прашање на системот што го градиме е дали и во колкава мера тоа треба и може токму така да се спроведува. Дали играчите не треба на некој начин да влијаат врз свирачите за да се добие добар ансамбл за работа и за заедничко добро и на свирачите и на играорците. Зошто не сфаќаме дека сега се други времиња. Зошто ја изгубивме таа природна дарба. Затоа што, не водат истите луѓе како и пред новото време. Во некои земји за да се спречи ова со закон беше забрането да се бават со политика сите што биле во неа пред 1990 година.

Носењето на овој закон го разбирам токму во тој контекст, да ги хармонизира и да ги уреди односите помеѓу класите во ова ново време и на еден нов начин. Заради суштинските интереси што ги имаат класите, работодавците и работниците во донесувањето на овој закон, сметам дека воа ќе биде редок реформски закон што ќе биде веднаш применет и во пракса, а не да биде само за покажување пред Европа. Затоа, многу е битно овој закон да се напише така за да не биде двосмислен, за да биде разбирлив за секого.

По мое мислење две работи во овој закон се клучни. Првата работа е начинот на кој што се склучуваат договорите за работа и типот на тие договори по однос на траењето. Втората работа е правото на штрајк и тоа вистински, не политички и не режиран од никого од надвор. Овие две работи се придобивки од новото време и се моторна сила што ќе ги движи фирмите напред. Со овој закон конечно после 15 години топузот на прогресот е ствен во рацете на газдите. Но, на ваква сила мора да се најде противсила за да првата не полуди од бес и власт. Која е таа противсила? Па, мора на работниците да им се овозможи да организираат штрајк по закон без никакви други условувања, како што се во член 242. Ако се оди во правец на овој член, па дури и да се забранат секакви штрајкови, како што беше во некои минати времиња, тој ќе се јави можеби подоцна, но или како разорен во фабриката или како револуција. Во овие две сили треба да има рамнотежа, за да има прогрес во фабриките и во општеството. Со правото газдите со работниците да склучуваат договори за работа на определено време на еден перфиден начин се зголемува само дисциплината кај работниците, а пак можноста работниците да организираат штрајк на ист таков начин, ги принудува газдите навреме да мислат што треба да прават со фирмата и да трошат голем дел од профитот за развој, а не со парите да се глупираат. На ваков начин потсвеста и кај газдите и кај работниците е под постојан притисок. Кај газдите дека е можен штрајк и банкрот, а кај работниците дека договорот за работа може да не биде продолжен ако не работат доволно добро. Во оваа рамнотежа озаконета со овој закон го гледам заедничкиот интерес за напредок на фирмите и со тоа и на газдите и на работниците. При нарушување на оваа рамнотежа од било која страна, газдите банкротираат, фирмата пропаѓа, а работниците одат на улица. Ова е рамнотежата економски, па и природен непишан закон што е посилен од илјадници пишани закони. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шајноски.

Има збор пратеникот Аднан Јашари.

**Аднан јашари:** Ви благодарам господине потпретседател, почитувани колеги, почитуван министер.

Поради тежината што ја има овој Предлог-закон нормално од многу пратеници беа поднесени многу амандмани, од кои што некои беа прифатени и се составен дел на овој текст, отколку некои други нормално не се прифатија. Сепак, добро е што ние како пратеници сме доказ дека знаеме да разговараме за прашањата или за законите кои што се значајни за правниот систем воопшто. Во целина сметам дека овој закон е закон кој што е чекор напред во насока на усогласување, целосно усогласување со меѓународните конвенции и правата во ЕУ. Секако дека идеални закони не постојат, меѓутоа, ценам дека земено во целина и текстот на законот, меѓутоа и одредбите кои што ги опфаќа овој закон се чекор напред. Јас во оваа прилика ќе застанам накратко на неколку мои забелешки и проценки кои што можеби треба да се кажат.

Прво, не знам зошто во членот 1 и 3 е делувано во оваа насока. Мислам, за тоа дека во членот 1 став 1 се говори за објектот, за тоа што се уредува со овој закон, додека во насловот н членот 3 исто така се говори за уредувањето на работниот однос или за тоа што е објект на работа. Иако, по систематски аспект, моја проценка е дека сепак членот 3 и 1 требало да бидат еден покрај друг. Исто така, во оваа насока ќе дадам едно мое размислување за членот 66, затоа што моја проценка е дека вака како што е предложен е нејасен, додека во првата фаза овој член ми изгледаше како појасен. Се мисли за престанувањето на вработувањето, додека сите ние знаеме дека има два основни начини за престанување на вработување, а тоа се начини кои што се конкретизирани во првата фаза, како што се ликвидација и стечај. Во оваа насока ќе застанам и на членот 113, каде што се прецизира едно право, тоа е правото на надоместок на работниците во однос на патните трошоци, меѓутоа не е одредена висината на истото. Јас сум свесен зошто не е одредена висината, затоа што оваа висина е определена и утврдена со други акти или со Законот за реализација на буџетот. Меѓутоа, сепак, свесни сме дека со овој закон долго време ова право не се утврдува на ниво на она што се реални трошоци. Забелешка, која што исто така треба да се каже е прашањето на лектурата. Мислам дека текстот на овој закон не е лекториран на ниво. Ќе земам само два

примери. На пример, членот 67 и членот 68. Во членот 67 став 1, навистина ценам дека има јазични грешки, така како што е и члено 68, кој што во став 1, мое мислење е дека, сега не сакам јавно да го прочитам, но вака како што е напишано е нелекториран и непрецизиран доволно, за што јас имав и амандман. Ќе повторам уште еднаш дека моја проценка е во целост дека текстот е чекор напред и ние секако како парламентарна група ќе го поддржиме текстот и ќе гласаме за овој закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Јашари.

Има збор пратеникот Љупчо Мешков.

**Љупчо Мешков: Б**лагодарам господине потпретседателе, почитуван министре, почитувани колеги.

Нормално е сега на крај, после расправата за амандманите од она што е усвоено, не е усвоено, така накратко да дадеме оценка за овој закон, што веројатно на денешнава седница и ќе биде донесен односно ќе биде изгласан од страна на пратениците. Сега, на пример, ако цениме дали денес навистина ќе донесеме успешен закон, би кажале ако овој закон го гледаат и ја ценат неговата успешност работодавачите, веројатно е дека ќе го оценат со највисока оцена. Ако го гледа Синдикатот, сигурно мислењата ќе бидат поделени, како што е поделен и самиот Синдикат по овој закон и по други работи и ако го гледаат работниците, веројатно ќе речат дека можел да биде и одобар. Меѓутоа, тоа го велам од аспект на тоа што очигледно е, барем по мое мислење, дека работодавците ако го компарираме овој закон со правата и обврските од постојниот закон, работодавците веројатно се наоѓаат со овој закон во поповолна положба, а земено во целина во обем, мислам дека работниците во одредена смисла имаат помали ограничени права во некои делови од законот, отколку во постојниот закон. Значи, можело и подобро во таа смисла, но идеален закон, како што беше речено, не е можно да се донесе и дека со текот на времето во неговата примена ќе се дооформуваат и во тој дел тие одредби. Јас не би зборувал по текстот многу опширно, но би се задржал на кратко само на одредбата на членот 104 од овој закон, за кој што мислам дека предлагачот на законот е добро пред гласањето да поднесе амандман и да стане составен дел на текстот на законот и еве од кои причини.

Прво, членот 104, насловот пред него е прекин на договорот за работа поради возраст на работникот, што адекватна е замена на терминот престанок на работниот однос по сила на законот, кој што беше во постојниот текст на Законот за работни односи. Во постојниот текст на Законот за работни односи жените работнички се изборија за правто преку одлука на Уставниот суд под еднакви услови со мажот, работникот маж, да можат под еднакви услови да им престане работниот однос по сила на законот. Меѓутоа, сега со членот 104 се анулира оваа одлука на Уставниот суд на Република Македонија и сега престанокот на работниот однос по сила на законот или да го употребам терминот од овој текст прекинот на договорот за работа поради возраст на работникот, тоа повеќе не е можно, туку ќе престанува работниот однос под различни услови на работникот жена и работникот маж. Во ставот 1 е речено дека работодавачот ќе го прекине договорот за работа, односно има право да го прекине договорот за работа на работникот кога работникот ќе исполни услови за остварување на старосна пензија. Со оглед на фактот дека мажот и жената остваруваат старосна пензија под различни услови, тоа значи дека и правото односно дискреционото право на работодавачот према едниот или другиот работник ќе биде различно, односно работниот однос по договорот може да биде прекинат на жената на 62 години, а на мажот на 64 годинис Се надевав дека колешките пратенички ќе ја увидат оваа работа, меѓутоа гледам амандман немаше и затоа сега еве во расправа по текстот на законот укажувам на оваа работа. Значи, овој член, по мое длабоко убедување е добар, заради тоа што надминува една постоечка неповолна состојба, каде што работникот можеше по престанокот да се најде на улица, ни во пензија, ни на работа, но од друга страна го анулира она што веќе е постигнато на ова поле, а тоа е рамноправност помеѓу жената и мажот во делот на престанокот на работниот однос, односно прекинувањето на договорот за работа, то е интенција и содржано во конвенците за еднаквоста, што и нашата држава ги има прифатено. Затоа, мислам во ставот 2 предлагачот се обидел со тоа што му го дал дискреционото право предлагачот на работодавачот да може да го продолжи работниот однос до 65 години, но тоа повторно не го решава проблемот, затоа што работодавачот во еден случај може да го направи тоа, во друг случај да не го направи. Затоа, мислам дека прекинот на договорот за работа, поради возраст на работникот би требало да биде еднакво и за работникот маж и за работникот жена. На пример, сега, кога би правеле текст на амандмани, јас би рекол на 64 години и во тој случај би биле во еднакви услови и мажот и жената. А вака, се создава разлика во овој поглед. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Марија Којзеклиска.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе.

Значи, ние веќе колку денови дебатираме по овој устав на работниците и работодавачите односно законот за работни односи, имавме поднесено од пратениците 89 амандмани. Некои од нив беа прифатени од страна на предлагачот, некои беа преформулирани од страна на предлагачот и станаа составен дел на законот за работни односи. Овој закон одеше во две фази. Одредени

забелешки од страна на искажани од колегите пратеници, од комисиите, од определени грандски синдикати, од Сојузот на синдикатите на Македонија, дел од нив се вградени во овој Предлог на закон за работните односи, меѓутоа имаше добар дел кои министерот како амандмани поднесени, не беа прифатени од негова страна. Објаснувањата беа различни, а колку држеа или не држеа, тоа е веќе друго прашање. Факт е дека при изготвувањето на подобар текст, она што е намерата на законодавецот за законот за работни односи, учествуваа претставниците на Сојузот на синдикатите на Македонија, меѓутоа една друга работа мене ми мати ум, а тоа е очигледниот раскл кој постои помеѓу Сојузот на синдикатите и претседателството и гранковите синдикати и нивната несинхронизираност, можеби ќе доведе при имплементација на ваквиот закон и работодавците и работниците да се оградат, па дури и Синдикатот да се огради од примената на одредбите од законот за работни односи. Иако, министерот најверојатно ќе каже дека учествуваа претставници на Синдикатот, меѓутоа, во онаа фаза во која се наоѓа Синдикатот сега, јас лично сметам дека нее ги штити правата на работниците. Тоа би можело да има негативни импликации во однос на спроведувањето на законот за работни односи. Затоа што добар дел од одредбите од овој обемен закон се однесуваат и на правото на штрајк и на задолжителното известување на Синдикатот, претставникот на Синдикатот и во однос на забрана за престанок на работен однос, доколку заради отрсуство на состанок на претставникот на Синдикатот не може да му престане работниот однос и тн. Значи, доста добар дел од забелешките се на Синдикатот се вградени, меѓутоа, прашање е дали Синдикатот во оваа форма, како што беше во текот на целата фаза на донесување на овој закон, тој ги застапува вистинските интереси на работниците.

Во однос на самиот Предлог на закон, јас ќе ги кажам моите забелешки. Она што беше најглавно и на што имаше поднесено доста амандмани, тоа се неразграниченоста или разграничувањето помеѓу помал работодавач и поголем работодавач, сметам дека тука ќе има проблеми во спроведувањето на овој закон. Проблеми ќе има, почитуван министре, во членот 123 во однос на работното време, распоредување на работното време. Според мене, јас да сум работодавец и ако треба да го спроведам вака работното време, прво, јас треба да разберам што сакал законодавецот да каже, да обезбедам соодветен механизам или соодветна технологија и да го распоредувам работното време така како што е предвидено со законот, во ова форма сега вака како што е даден, таа форма, најверојатно ќе излезе и пречистена форма и ќе биде подготвена да се имплементира во самата работа на работодавците.

Останатите забелешки се однесуваат на формите на вработување. Ние имаме договор за работа, имаме од член 46 натаму договор за вработување на определено време. Имаше доста забелешки, почитуван министре, на времетраењето на овој договор на определено време. Вие на Комисијата за труд и социјална политика ни велевте дека е тоа договор, кој согласно постојниот закон бил три години и велите дека со оглед на искуството кое сте го имале и консултирањето на праксата од современите демократии, современото работно законодавство, тој број на години треба да се промени на четири. Меѓутоа, имаше и амандмани на ова, меѓутоа зошто да не бидат две, зошто не се размислуваше кога се поднесуваше овој Предлог на закон да бидат две ако сметавте дека три години, со оглед на постојниот закон се многу. Сметам дека вработувањето на определено време за четири години е премногу долг период, а тоа е скоро половина деценија за да можат луѓето, а јасе верувам дека во западните земји тоа е пракса. Меѓутоа, ние сме далеку од Запад. Реално, далеку сме од западните земји.

Понатаму, во членот 47, покрај договорот за работа, покрај договор за вработување на определено време, имаме и сезонска работа. Децидно е објаснето што е сезонска работа.

Значи, и покрај договорот за работа и покрај договорот за вработување на определено време ние имаме сезонска работа. Децидно објаснето што е сезонска работа, нееднакво распоредено работно време бес прекин најмалку три месеци во годината и при тоа работа повеќе часови одколку што е одредено за работа со полно работно време може да бара часовите да му бидат пресметани во работно време со полно работно време. Ова се според дефиницијата сезонски работи.

Па, имаме договор за вработување со скратено работно време кој е пократко од полното работно време, член 48. Па, имаме член 49-договор за вработување со скратено работно време од повеќе работодавачи.

Според мое мислење почитувани колеги договор за вработување со скратено работно време со повеќе работодавачи во одреден сегмент го апсолвира договорот за вработување со скратено работно време. За да можам јас како работник да работам кај двајца или тројца работодавачи значи мора кај секој од нив да работам скратено работно време. Сите тие работодавачи треба на мене како работник да ми потполнуваат образци. Прво да ми го распоредуваат работното време, па паузите во работното време. Да ми ги доставуваат и потполнуваат документите до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, па документите до Фондот за здравствено осигурување и плаќањето на придонесот. Таму се работи за бруто плата, 21% се пресметува за Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, 9,05% за Фондот за здравствено осигурување, па имаме договор за вработување со вршење на работи дома, значи премногу договори, договори. Интенцијата на предлагачот можеби е

најдобронамерна меѓутоа верувајте дека со вака предвиден закон можеби ќе профункционира за две години додека се учат и работодавците и работодавачите, може ќе профункционира, ама и да не профункционира па после пак да донесуваме измени на Зконот за работни односи.

Почитуван министер имавме укажување во првата фаза за договор за вработување на куќни пошници, тоа е седми договор од сите договори кои се апсолвирани во законот за работни односи и во ставот 2 вие го имате најверојатно преформулирано зборот "натура" кога се работи куќните помошници, па во ставот 2 велите "со договорот за вработување од став 1 може да се договори исплата на дел од платата за сместување и исхрана кај работодавачот која ја изразува во пари", меѓутоа во ставот 4 пак ви стои вредноста во "натура" може да се изрази, не мора да се исплати во пари. Ако сметате дека треба да стои наместо "натура" "дел од платата за сместување, исхрана кај работодавачот мора да се изрази во пари" , нема да биде лошо да се поднесе амандман, со оглед на тоа дека за оваа натура ние дискутиравме и во првата фаза кога беше предлогот за донесување на законот.

И едно мое размислување во однос на заштита на работниците кои сеуште не наполниле 18 години возраст.

Работниците кои не наполниле 18 години возраст согласно членот 172 имаат во работен однос посебна заштита. Според членот 173 не смеат да вршат работи под земја со оглед на здравствениот развој и нивните психофизички специфичности, работно време, одмор, пауза, не смеат да работат подолго од 8 часа дневно и 40 часа неделно, пауза од толку до толку и пауза помеѓу два дена во траење од 24 часа, ноќна работа, забрана имаат и во ставот 3 од членот 175 велите во случаите од став 2 работодавачот мора да обезбедни надзор од страна на полнолетен работник, меѓутоа за оваа работа тие луѓе треба да бидат платени, треба да им се дава плата.

Согласно постојната законска регулатива лицата со наполнети 18 години имаат деловна способност, можат да преземат секакви активности кои се однесуваат на нивниот, да вадат пари од банка или да вршат други транскакции. Овие работници, заштита на работници кои не наполниле 18 годишна возраст дали тие во овој случај ќе работат, а согласно постојната регулатива нивниот родител, старател има право да го подигне паричниот надомест кој го следува работникот кој не наполнил 18 годишна возраст. Ова е нешто слично со она за кое се расправавме за Законот за вработување на инвалидни лица каде што е детектирана таква слабост и искористување на инвалидните лица. Вака како што е формулирано не е во согласност со постојните законски регулативи и стекнување со деловна способност со наполнети 18 години возраст.

Јас и минатиот пат разговарав и дискутирав за потребата за членот 246. Почитуван потпретседателе е тоа економско социјален совет и овластувања на економски социјалниот совет, искрено да ви кажам јас и на министерот му укажав дека апсолутно оваа дејност и овие надлежности и овластвуања кои ги има економско социјалниот совет дали се потребни или не се потребни, според мене не се потребни. Укажува, му дава обртазложено мислење и следи, проучува и оценува влијанието на економско социјалната политика, тешко дека ќе може ова да профункционира колку да се рече постои некој економско социјален совет кој се грижи во некој дел за социјалната и развојната политика.

Во делот на штрајкот премногу членови се посветени на правото на штрајк, иако со преодните и завршните одредби се вели дека со ова престанува да важи Законот за штрајк, меѓутоа дали е ова најсреќно решение или не е јас уште еднаш ќе кажам мислам дека тешко ќе оди применаа на овој закон. Знам дека се што е ново и непознато однапред се има страв, меѓутоа знаејќи го искуството и периодот кој ние го минуваме овие пусти 15 транзициони години не верувам искрено да ви кажам дека и покрај најдобрите кои ги има предлагачот овој закон воопшто пре профункционира така како што се намерите.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

За реплика се јави пратеникот Петар Апостолов.

**Петар Апостолов:** Јас кратко би и реплицирал на колешката.

Колешке многу ми е жал, мислам дека вашиот текст е подготвен пред амандманската расправа. Значи амандманската расправа не сте ја следеле добро. Само на две позиции ќе се задржам, а тоа е економско социјалниот совет кој е со конвенција ратификуван минатата година како конвенција 144 и вториот дел во однос на член 53 ако ја следевте амандманската расправа ќе видевте дека став 4 од член 53 е избришан.Затоа имаше предлог ЗПК, а вие сеуште зборувате за плаќање во натура, кое со став 2 е комплетно регулирано.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика госпоѓа Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Јас искрено да ви кажам почитуван колега не знам па вие колку сте ја следеле расправата, ама ако требаше министерот да стане и да ви каже како да ми реплицирате тоа е друго 20.

(со седницата продолжи да претседава претседателот на Собранието господинот Љупчо Јордановски)

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Еве стасавме и до крајот речиси на расправата на законот за работни односи. Се обидовме во првата фаза и покрај тоа што кажавте дека неопходна е потребата од донесување на нов закон за работни односи кој ќе биде во согласност со новите пазарни услови на стопаннисување на Република Македонија и потребата од странски инвестиции во нашата држава, со тоа усогласување со трудовото законодавство на ЕУ. Во првата фаза дадовме огромен број на забелешки, кажавме што е тоа што не е усогласено со меѓународните директиви, со директивите на меѓународната организација на трудот. Дел од овие забелешки во втората фаза беа земени во предвид и беа внесени во законскиот текст, меѓутоа дел од забелешките останаа. За жал, дури и после амандманската расправа останаа многу нешта на кои што требаше да има разбирање министерот и Министерството за труд и социјална политика, да бидат прифатени како забелешки бидејќи со тоа не само што се заштитуваат правата на работниците, туку се усогласуваме и со законодавството на земјите на ЕУ кон која ние се стремиме и заради што ги правиме овие измени во Законот за работни односи.

За законскиот текст повеќе пати досега зборувавме дека воопшто не е систематизиран дека се расфрлани одредбите и многу тешко некој да се снајде во овој законски текст.

Во делот на јазикот со кој што е напишан и во првата фаза и во втората фаза кажавме дека имаме огромен број на јазични и терминолошки забелешки. Воопшто не е почитувано тоа што службените текстови од законодавната, извршната и судската власт задолжително се лекторираат на македонски јазик. Тоа е одредба од Законот за употреба на македонскиот јазик од јануари 1998 година кој што е донесен. Мислам дека сеуште има време министерот да размисли дека и овој закон треба да подлежи на одредбите на Законот за употреба на македонскиот јазик. Тоа е една од забелешките.

Друга забелешка е тоа што авторите на текстот на Предлогот на законот за работни односи се обиделе да го усогласат законот и неговите одредби со европската легислатива, меѓутоа се повеќе сум убедена дека не успеале да го прилагодат на конкретните социоекономски услови во државата. Одредени одредби многу тешко ќе се имплементираат во нашата практика и тешко дека ќе се постигна реформските иницијативи за развој на претприемништвото и создавање на креативен амбиент на пазарот на трудот, меѓутоа времето е пред нас, неопходна е потребата од нов закон за работни односи бидејќи претходниот закон беше одраз на времето во кое што се правеше и преминот од еден систем во друг систем. Токму заради тоа е неопходна потребата од носење на овој закон, меѓутоа тоа не значи дека не треба да ги кажеме и нашите забелешки и после оваа расправа по амандманите.

Многу членови се оставени празни за конкретна примена. Има многу празнини со кои што се остава простор за разни самоволија. Ќе наведам само два примера. Во членот 150 став 2 е регулирано правото на работникот за отсуство од работа за дарување на крв, но не е предвидено ниту колку денови, ниту кој ќе го плати тоа отсуство од работа. Се поставува прашањето како ќе постапи работодавачот во конкретниот случај. Веројатно онака како што тој смета и како што нему му одговара, бидејќи со ваквата одредба тој нема конкретна обврска. Дали со ваквото законско решение ќе придонесеме за стимулирање на доброволното дарување на крв или ќе се постигнат спротивни ефекти не знам, бидејќи може да се искористат моментите кога работникот не е на работа и кога ќе каже едноставно дека неможе од тие причини да биде присутен на работното место и наредниот ден може да има последици по неговото работно место. Заради тоа можеби требаше да упати овој член дали Фондот, или кој ја презема обврската за тоа дека работникот треба да му се даде барем уште еден ден, како што беше барано.

Понатаму, во членот 21 каде на работодавачот му се дава право за слободно одлучување со кој кандидат тој ќе склучи договор за работа од кандидатите кои што се јавиле на огласот.

Сметам дека не е спорно ова право на работодавачот, посебно на работодавачите кои со свои сопствени средства, сопствен капитал основале фирма и кои што сакаат да ги изберат најдобрите работници на пазарот на трудот, меѓутоа спорно е, тоа го кажав и пред Комисијата за труд и социјална политика, во јавните установи, во јавните претпријатија, јавните служби, органите на државната власт, локалната самоуправа дали основниот услов кој што ќе биде потребен да го исполнат кандидатите освен нивната стручност, компетентност, нивниот просек или сите квалификации кои што ги имаат стекнато во претходните нивни едукации, дали само партиската припадност нема да биде основниот критериум доколку се остави слобода на работодавачот. И овде мислам дека требаше да биде упатено на колективен договор, јасно утврдени критериуми со колективен договор и врз основа на тие критериуми да се правеше вработувањето во одредени претпријатија, бидејќи знаеме дека оној работодавач кој што вложил сопствен капитал нормално е дека ќе ги избере најдобрите, најспособните за да можат да му го оплодуваат капиталот. Меѓутоа дали ќе биде така во другите институции и заради тоа баравме одредба на колективен договор, јасно утврдени критериуми со колективен договор, меѓутоа тоа воопшто немаше да му пречи на овој закон, напротив ќе подобреше законскиот текст.

Сакам да напомнам дека навистина сум разочарана посебно од жените во Парламентот

бидејќи многу често знаеме да се фалиме колку жени не има во Парламентот и како женското лоби се бори за правата на жените во Македонија, меѓутоа бев зачудена, запрепастена со бројот на гласови кои што ги добија амандманите кои се однесуваат на породилното отсуство, коои што се однесуваат на 28-те дена дополнителна грижа која мајката треба да ја посвети на новороденото дете, кога треба да го дои, кога треба да му обрнува посебно внимание. Едноставно за тоа немаше разбирање, не зборувам за парламентарното мнозинство, туку зборувам само за најголем дел од жените во Парламентот. Овие амандмани поминаа со пет или осум гласа. Навистина разочарувачки е тоа што треба да не обединува и тоа што го имаат сите искусено како жени и како мајки треба да биде пред партиската директива да се стисне гласачкото копче. Значи, остана посиромашен овој закон со одредби кои што се во интерес не само на бремените жени, не само на мајките туку и на родителите во државата Република Македонија и во исто време одредби кои што беа за заштита на малолетните деца, деца од 15 до 18 години кои што работат. И овде не наидовме на разбирање во најголем дел од пратениците. Морам да кажам дека со тек на време ќе се увиди дека е неопходно потребно измена и дополнување и во овој дел на законот за работни односи.

Сакам да се осврнам на дискриминацијата која што остана со членот 5, точка 4, каде што се дефинираше помалиот работодавач и мислам дека најголем дел од вработените во нашата држава работат токму во овие фирми до 50 вработени. Со самата дефиниција која што остана дека помал работодавач е работодавач со до 50 вработени, освен што не е обврзан да води некои деловни книги или некои други работи, како што е: да нема систематизација за работни места, овие работници останаа покуси, односно онеправдени во однос на другите невработени кај поголемите работодавачи или кај работодавачите со правото при отказ да имаат испратнини, кои што е должен работодавачот да им ги исплати, бидејќи јас така го толкувам членот 97, се зборува само за работодавач, а не за помал работодавач и работодавачот во овие поголеми фирми со над 50 вработени е должен да му исплаќа на работникот испратнини, меѓутоа кај помал работодавач кој што вработува до 50 вработени не мора воопшто да има ваква обврска спрема вработени, а камо ли обврска ако престане со работењето од деловни причини, ги прогласи за технолошки вишок, да има обврска да му понуди преквалификација, доквалификација или пак дораспоредување на друго место. Со тоа се прави дискриминација на вработените во државата, вработени кај помали и поголеми работодавачи или пак само работодавачи и сметам дека и оваа одредба, со тек на време, ќе претрпи промени, праксата тоа ќе го покаже, иако сега немаше разбирање кај парламентарното мнозинство и за малку поинакво третирање и на оваа одредба. Не зборувам сега за бројот на вработените кои се во претпријатијата и дали воопшто има потреба од дефинирање на помал работодавач, меѓутоа, многу сериозно требаше да се размисли за сите забелешки кои беа дадени иод пратениците во однос на овој член 5.

Понатаму, ќе се осврнам на договорот на определено време. Остана, и после оваа расправа договорот за определено време да можат работодавачите за 4 години да склучуваат договори за определено време, без да се каже во кои услови воопшто може да се склучи договор на определено време. По логиката на нештата, нашите работодавачи нема да бидат воопшто заинтересирани за склучување договор на неопределено време, туку ќе склучуваат само договор на определено време. Да потсетам само, според Директивата на Европската Унија 9970, вработувањето на определено време треба да биде исклучок, а не правило. Согласно ова, во сите земји на Европската Унија постојат ограничувачки механизми за склучување договори за вработување на определено време. Се предлагаше договорот за вработување на определено време да трае најмногу една година, затоа што работните обврски кои продолжуваат и во протекот на една година претставуваат веќе работни обврски од траен карактер, меѓутоа, немаше разбирање, дури ниту да се наведе барем во кои конкретни случаи може да се склучи договор за определено работно време до 4 години. Мислам дека сеуште е отворена можноста за сите овие забелешки, министерот да размисли и да интервенира како Влада на текстот кој што го предлагате, се со цел да го подобриме законскиот текст.

Понатаму, имавме забелешка на членот 8, по ставот 2 да се додаде нов став 3, и беше кажано од наша страна дека работодавачот е должен во актот за систематизација да определи кои работи се извршуваат во посебни услови и категоријата на работници кои не можат да бидат распоредени на тие работни места. Меѓутоа, не наидовме на разбирање и со тоа остана отворено работодавачот да може од сите оние работници од кои сака да се ослободи, а смета дека многу потешко би било да им даде отказ, туку сами да ги принуди да си дадат отказ, ќе ги премести според актот за систематизација на некое сосема друго работно место кое тој знае дека работникот не може да го исполнува на пример заради неговата здравствена состојба и ќе го стави токму на такво работно место на кое тој не може да одговори и во согласност со тоа, неисполнувајќи ги обврските од работното место или пак самиот работник не можејќи, ако се работи за физичка работа, а здравствено е неспособен, не можејќи да ја исполни работата или сам ќе стане да си оди или работодавачот ќе му даде отказ. Значи, оставаме простор за злупотреба, а не да ги заштитиме работниците. Заради тоа баравме во актот за систематизација да се каже на кои работни места која категорија работници не може да биде

распоредена. Сметам дека овде ќе се остави огромен простор за злоупотреби и повторно го повикувам министерот, доколку смета дека не му е местото во членот 8, во било кој друг член од Законот каде што тој смета дека може да биде вметнат овој став или нов член да се даде, мислам дека треба овој закон за работни односи да ја содржи и оваа одредба.

Понатаму, ќе се осврнам и на членот 96. Во членот 96 баравме пред ставот 1 да се додаде нов став со кој ќе биде дефинирано дека работодавачот може да го откаже договорот за вработување од деловни причини, поради кои престанува потребата од вршење на определена работа, меѓутоа, врз основа на критериуми утврдени со колективен договор. Во постојниот закон никаде не стои дека работодавачот треба да почитува барем некои критериуми кога ќе го откаже договорот за вработување или кога ќе ги прогласи работниците за технолошки вишоци, од економски или слични организациони промени, како што е дефинирано во овој закон.

Почитувани колеги, јас мислам дека доколку нема јасно утврдени критериуми или доколку со законот не упатиме на колективен договор и на утврдени критериуми, врз основа на кои работодавачот ќе каже кои работници може да ги прогласи за технолошки вишок, а кои не, се остава простор на огромна злоупотреба и повторно ќе кажам, на партиски чистки на кои сме сведоци во последните три години на вработени кои се вработени во одредени фирми и од кои веќе нема потреба според работодавачот, основниот критериум за нивно прогласување на технолошки вишок или давање решение за отказ од одредени причини како што е дадено со новиот закон, ќе биде само поради тоа што партиски се неподобни. Затоа, мислам дека е неопходно потребно, повторно мојот апел го упатувам до министерот, бидејќи беше прифатен нашиот амандман на членот 3, каде што баравме да се дефинира дека не само врз основа на закон, туку и врз основа на колективен договор се утврдува можноста за престанок на работниот однос, овде со овој член кој што ние го баравме да се потврди тоа дека и со колективен договор се утврдува престанокот на работен однос, односно со утврдени критериуми во колективниот договор, се со цел да нема злоупотреби на работничките права и се со цел да нема бркање од работа на работниците, најмалку заради нивната способност, туку заради нивната партиска припадност. Сеуште живееме во држава во која партиската припадност е, повторно ќе кажам, пред одговорноста на работникот кој работните обврски, пред неговиот придонес во работата и токму заради тоа сметам дека ваква одредба која упатува на јасно утврдени критериуми со колективен договор кажани, треба да стои во законот и да бидат заштитени работниците, односно тие кои навистина работат и кои придонесуваат во процесот на работењето. На тоа, почитувани колеги мора да потсетам не упатува и Препораката 166 на Меѓународната организација на трудот, која јасно кажува дека мора врз основа на критериуми утврдени со колективен договор на ниво на работодавачот или на ниво на гранка, доколку работодавачот има потпишано таков договор, да се предвидат вакви критериуми и мора во законот да биде кажано дека ги упатуваме работодавачите со колективен договор да кажат врз основа на кои критериуми ќе утврдат кои работници ќе бидат прогласени за технолошки вишок. Таа обврска од Препораката на Меѓународната организација на трудот многу јасно е имплементирана во многу држави кои претендираат да бидат европски земји, како што веќе стана и Република Словенија и во нивниот закон за работни односи - повторно тоа го зборувам за почитуваниот министер, гледам дека не е тука, меѓутоа, тоа е апел посебно до него бидејќи Владата може во овој случај да интервенира и да го подобри законскиот текст. Ќе спомнам повторно дека во Законот за работни односи на Република Словенија, во членот 100 став 1 законски се предвидува, дури ги разработува и критериумите кои се содржани во Препораката 166 на Меѓународната организацијата на трудот. Ќе повторам, бидејќи министерот разговараше на телефон, а многу е сериозна темата, ќе повторам дека некои земји кои претендираат да станат членки на Европската Унија и кои се веќе членки на Европската Унија како што е Република Словенија, во нивниот закон за работни односи ја имаат разработено Препораката 166 на Меѓународната организација на трудот и јасно се кажани критериумите за прогласување на технолошки вишок. Сметам дека уште еднаш треба министерот да размисли, не се работи за барање на некои големи работнички права, кои ги нема никаде во светот, па еве ние овде во Република Македонија ги бараме, се работи само за нешто што им припаѓа на работниците, на земјите од Европската Унија, нешто што е утврдено со Препораките на Меѓународната организација на трудот и нормално, ако го усогласуваме нашето законодавство со Европското е прифатлива ваквата препорака која сме обврзани како држава Република Македонија да ја почитуваме. Заради тоа очекувам, до крајот на оваа расправа, министерот за труд да реагира бидејќи имаше доблест да реагира во неколку членови на законот, го подобри законскиот текст, меѓутоа, верувам дека ова е многу суштествено, многу важно за сите вработени во државата и заради тоа очекувам разбирање и во однос на ова прашање.

Мислам дека треба повторно да се размисли и за членот 97. Многу зборувавме за испратнините и што значат испратнините за вработените во овој момент во нашата држава, што значат за вработените кои ја зголемуваат бројката со отказот кој им се дава скоро на 400 илјади невработени и дека од изборот што го имаат работодавците на пазарот на трудот на вработени со квалификации, работници кои ги краси пред се

младоста, тие во никој случај нема да изберат работници кои имаат 25 или над 25 години работно искуство, па и 20 години работно искуство и овие луѓе се оставени сами да се снаоѓаат на пазарот на трудот. Можноста која бараме да им се даде, значи зголемувањето на испратнините најмногу во висина од 9 плати за тие што имаат над 25 години стаж е неминовна потреба во државата Република Македонија доколку сакаме овие луѓе да не завршат како социјални случаи. Со овие 9 плати не дека ќе направат којзнае што, меѓутоа, ќе се обидат да започнат некој бизнис, ќе се обидат да направат нешто или да ги групираат своите пари, па да направат некое претпријатие преку кое ќе можат она што го стекнале како свое работно искуство во текот на нивниот работен век да го искористат, да можат сами да заработуваат. Значи неопходно е потребно и од социјален аспект да се снајдат луѓето во овие месеци после нивниот отказ, меѓутоа, и колку толку да им се помогне да се снајдат, да можат да заработуваат понатаму со сопствени средства, со трудот кој ќе го вложуваат да заработуваат за живот за себе и сопствените семејства, доколку остане на 6 плати испратнина да им се даде на сите кои што имаат отказ до 6 плати, за оние над 25 години работен стаж со овие 6 плати мислам дека апсолутно ништо не им помагаме на тие луѓе, бидејќи само за неколку месеци ќе бидат повторно на товар на центрите за социјална помош. Сметам дека интенција на овој не е тоа, ниту пак на Министерството за труд и социјална политика, да прави социјални случаи од работниците во државата, од работниците кои ги снашла оваа несреќа да останат без работа, туку да им помогне, значи основната цел на испратнината е да помогне тие да се снајдат да започнат свој бизнис и од тие причини порано беа и поголеми испратнините кои се даваат со претходниот закон за работни односи, пред да настапат измените со кои беа намалени испратнините на работниците.

Се радувам на фактот што од страна на министерот беше прифатено барањето на членот 100, на кој имавме амандмани, за тоа дека работодавачите, ќе трпат реперкусии доколку три месеци последователно не исплаќаат плата на вработените и на тој начин една од најголемите злоупотреби која што ја правеја работодавачите врз работниците, кои со месеци им работеа без тие да им даваат плата, а понатаму се влечеа по ходниците на судовите за да го остварат своето право. Сега ваква можност се дава, ако не друго со прифаќањето на амандманот на Законодавно-правната комисија дека може работниците да покренат постапка за престанок на правниот субјект, ние баравме изрично дека се покренува постапка, за престанок на правниот субјект, меѓутоа, и оваа можност која ја дава амандманот што го прифати министерот, значи амандманот на Законодавно-правната комисија, без оглед што не е прифатен амандманот од ВМРО-ДПМНЕ сметам дека ќе им даде на знаење на работодавачите дека не смеат да го искористуваат трудот на работниците без никакви реперкусии по себе.

Тоа се најсуштествените забелешки кои ги имаме на законот за работни односи, кои останаа после амандманската расправа, за кои сметам дека сепак министерот за труд и социјална политика да размисли, посебно за оние забелешки кои упатуваат на работничките права, меѓутоа кои се загарантирани со Меѓународната организација на трудот, кои таа ги гарантира со нивните препораки, посебно Препораката 166 на Меѓународната организација на трудот апелира во однос на колективните вишоци и нивното прогласување односно давање отказ од деловни причини како што сега се кажува со законот, бидејќи целта на овој закон за работни односи не е само да им угодиме на работодавачите. Тоа е неспорно дека тие се тие кои треба да го придвижат механизмот во државата за поголем напредок, за поголем економски развој, а со тоа и вработување на луѓето кои се невработени. Апсолутно имаме разбирање за тоа и заради тоа велиме дека е неопходен овој закон за работни односи, меѓутоа, да не заборавиме дека сепак со овој закон треба да се штитат и работничките права и токму од овие причини повторно повикувам на разбирање на министерот, до крајот на расправата, да интервенира со амандмани за подобрување на законскикот текст. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Апостолов, имате реплика три минути.

**Петар Апостолов:** Благодрам претседателе.

Не би сакал да реплицирам на целиот говор на коклешката, бидејќи сметам дека сепак ова е Предлог закон, значи завршна фаза, само сакам да реплицирам на еден дел односно на членот 150 што се однесува на крводарителството и сакам да потенцирам да не го злоупотребуваме овој член, бидејќи ако во првата фаза беше нешто нејасно и ако ја следевме амандманската расправа ќе видиме дека министерот го усвои амандманот од Комисијата за здравство, а таков амандман беше поднесен и од пратениците Сашо Дохчев, Кире Гештаковски, Соња Лепиткова и Рафет Муминовиќ и сега сосема е јасно дека крводарителите ги задржаа сите оние права што и претходно ги имаа, и тоа на товар на работодавачот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓа Бонева, имате еднаминута контрареплика, иако не гледам причини зошто мора. Но повелете.

**Силвана Бонева:** Ако барањето на пратениците кое беше дека јасно треба да биде кажано дека два дена треба да им бидат дадени на крводарителите, беше прифатено од страна на министерот, тогаш се повлекувам во тој дел. Меѓутоа, јас не слушнав, амандманот со кој се бараше два дена, на товар на работодавачот, дека беше усвоен. Ако е така тогаш се

повлекувам. Меѓутоа не значи дека другите работи кои беа искажани и за кои министерот е повикан, не треба да даде одговор.

**Љупчо Јордановски:** За другите работи имавте реплика.

Повелете господине Стојаноски, имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван господине Јордановски, почитуван минситре, почитувани колеги пратеници.

Факт е дека овој закон, закон за работни односи мора да се донесе. Прашањето на содржината и начинот на кој пристапи Владата при донесувањето на овој закон е за поздравување затоа што се донесе во две фази. Се остави еден простор во кој можеше да се слушнат различни мислења и преку амандманска расправа се покажа една принципиелност во која дел од амандманите беа прифатени. Од друга страна, остварувањето на цвелите кои треба да бидат регулирано со овој закон, навистина елимитирано од состојбата која ја имаме во Република Македонија, а основната цел која треба да се постигне со донесувањето на законот за работни односи, претставува дефинирањето на јасните двострани односи помеѓу трудот и капитал. Меѓутоа, оваа цел во Република Македонија тешко е да се оствари зато ашто во Република Македонија и состојбата во областа на трудот и состојбата во областа на капиталот, најблаго речено, може да се дефинира како жална, бидејки ниту капиталот има профитабилност што може да обезбеди остварување, заштита и реализација на оние права кои треба да им бидат дадени на работниците, ниту пак состојбата со невработеноста која е предизвикана од 400 илјади невработени во Република Македонија, може да предизвика еден вистински пазар на трудот во кој натпреварот ќе се одвива во правец на квалитетно остварување на правото на работа и на правото на плата, после тоа, а не само за обезбедување на гола егзистенција која претставува основно ниво на социјална сигурност што треба да ја има секој граѓанин на Република Македонија. Тргнуваки од овде, сметам дека овој закон претставува само еден обид на Владата да ги регулира овие односи, во услови кои навистина претставуваат исклучително тешка ситуација за регулирање.

Интересно е да се наведат и начелата на кои почива овој закон затоа што целта која треба да се постигне со овој закон е и реализација на оние основни постулати и начела кои треба да бидат вградени во неговата содржина. Така, Владата на Република Македонија преку Министерството за труд и социјална политика, наведува дека начелата од кои тргнала при донесувањето на овој закон се:

Прво, секое лице треба да има можност да заработува за живот, преку слободно избрана работа. Овде навистина, како начело може да се прифати, меѓутоа како остварување на ова начело, има многу за дискусија затоа што слободно избрана работа е работа на слобода која ја нема во Република Македонија при изборот на работа, туку работата се прифаќа ако се најде начин да се дојде до некаква можност за работа.

Понатаму, секое лице треба да има можност да заработува. Сите се согласуваме со тоа дека е така, меѓутоа, фактот дека имаме 400.000 лица невработени во Република Македонија, апсолутно не може да претставува аргумент кој ќе значи почитување на ова начело.

Понатаму, сите работници имаат право на еднакви услови за работа. Тоа не зависи од работниците, туку зависи од работодавачите и можностите кои тие треба да им ги обезбедат. Се работи за услови во кои заштитата при работа на работникот треба да биде на високо ниво, во кое треба да бидат обезбедени превоз од и до работа, исхрана и сите оние услови кои значат услови за нормално извршување на работните обврски на секој работник.

Понатаму, сите работници имаат право на заштита при работа. Јас се согласувам дека имаат право, меѓутоа дали имаат можност да биде реализирана таа заштита при работа, затоа што првиот аргумент кој треба да го искажат пред работодавачот, ќе значи можност за нивно отстранвуање од работа, или најмалку нивно распоредување на работно место кое е полошо од она што го имале до тогаш.

Сите работници имаат право на правична заработувачка, што ним и на нивните семејства им обезбедува задоволувачки животен стандард.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски да се договориме вака. Да бидеме во рамките на она што значи Деловник по текстот на законот. Вие зборувате за нешто што не е текст на законот. Тоа се уводни делови, уводни материјали. Ако зборувате з начелата, што јас се согласувам, тогаш побарајте и спомнете член каде тоа начело не е исполнето, или е исполнето. Така ќе бидеме во рамктие на она што значи расправа по тесктот. Немојте ве молам да водиме сега општа дебата, дури и политички. Знам дека ова е Парламент каде што треба и политички да водиме расправа, меѓутоа зборувајте и за начелата. Зборувате за претпоставики. Најдете ми го членот каде тие начела не се исполнети, или се исполнети. Ве молам продолжете така.

**Блаже Стојаноски:** Господине претседателе, јас не мислам овде да кажувам членови и бројки. Овие начела треба да бидат...

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски се знае што е расправа по тесктот на законот.

**Блаже Стојаноски:** Кога се утврдува платата на работникот, тоа значи право на праведна заработувачка. Ако го прочитате текстот на законот ќе видите дека имате член во кој стои дека платата на работниците ќе биде определена со друг закон или со колективен договор. Значи платата не е определена, зборуваме за начело...

**Љупчо Јордановски:** Споменте го тој член, ќе биде во рамките на Деловникот, дека начелата не се исполнети во законот и членот каде нее тоа исполнето. Ве молам општа расправа заврши. Иначе можеме да развиваме теории за работнички права, права на работодавци, колку сакаме. Само, ве молам, вашите начела што Владата ги дефинира како основ на овој закон, најдете ми ги во членовите и тоа ќе биде во рамките на Деловникот.

**Блаже Стојаноски:** Проблемот е што не ги дефинира затоа што во член 7 од овој закон стои дека платата на работникот за работа со полно работно време не може да биде пониска од најниската плата утврдена според закон и колективен договор. Ве прашувамкако претседател на Собранието, што тоа значи.

**Љупчо Јордановски:** Тоа сега вие ќе го објасните бидејки вие зборувате, против кое начело е и така се согласувам. Кажете ми го членот и кажете во што е во спротивно со начелата. Така расправа може да водиме и јас тоа го прифаќам.

**Блаже Стојаноски:** Значи точката 4 од начелата од кои тргнала Владата, се наведува дкеа сите работници имаат право на правична заработувачка, што им обезбедува ним и на нивните семејства задоволувачки животен стандард. Тоа е начелото од кое тргнала Владата кога го пишувала членот 107 од текстот на овој закон за работни односи. Во тој член 107 многу доследно го применила ова начело и напишала дека платата на работникот за работа со полно работно време, не може да биде пониска од најниската плата утврдена според закон и колективен договор. Значи не може да биде пониска од најниската плата. Нормално дека ако е некоја плата најниска, не може да има од неа пониска плата. Прашањето е зошто таа најниска плата не се утврдува. Зоштоне е наведен износот кој ќе значи почитување на начелото во кое сите работници имаат право на правична заработувачка, што им обезбедува ним и на нивните семејства, задоволувачки животен стандард. Значи во старт зборуваме за санкционирање од страна на Владата, во овој закон, на една состојба во која на јасен и прецизен начин не ги дефинира односите помеѓу трудот и капиталот затоа што односите меѓу трудот и капиталот се утврдуваат врз основа на цената на трудот. Со овој закон трудот нема цена. Цената е најниска плата која треба да биде утврдена со некој закон кој некогаш во иднина треба да биде донесен, а до тогаш работниците ќе одат на работа, ќе ги склучуваа договорите за работа врз основа на колективни договори и закони кои не ја штитат нивната најниска цена коај би требало да обезбеди животен стандар за нив и за нивните семејства. Значи ова е основниот и суштински пропуст, намерен пропуст што го направила Владата при предлагањето на овој закон. Јас морам вака да искажам уште еднаш дека и покрај настојвуањата и на синдикалните организации, тука од страна на пратениците во овој Парламент при донесувањето на Предлогот за донесвуање на овој закон, значи првата фаза на овој закон, Владата не најде засходно да каже колкава е таа плата која нема да им штети на работодавачите, а од друга страна ќе обезбеди некаква социјална сигурност за работниците. Ако тоа треба да биде предмет на договарање во иднина и ако тоа треба да се остави на регулирање од страна на репрезентативните синдикати каде процентот на репрезентативност се зголеми на 33%, што го сметам за позитивенисчекор на Владата, за разлика од првичниот предлог, тогаш се поставува едно друго прашање. Колективните договори кои ќе бидат склучени на ниво на работодавач, колективните договори кои ќе бидат склучени на ниво на дејност, на гранка, или општите колективни договори на ниво на стопанство на Република Македонија, кога ќе бидат склучувани, дали и тогаш ќе биде наведено дека најниската плата ќе биде утврдена со закон.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски, дајте ве молам по текстот на законот, бидејки вониеден закон, по мое размислување, не може да стои конкретна бројка која е најниска плата. Тогаш им давате можност на работодавците да се држат за тоа. Кој ќе предвиди колкава може да биде најниска плата, со инфлации и со сите други работи што може утре да се случат. Тоа се прави со колективен договор.

**Блаже Стојаноски:** Господине претседателе, како може тогаш државата да определи најниска плата за плаќање на придонеси? Дали на тој начин државата си ги штити само сопствените интереси, а од друга страна не ги штити интересите на работниците.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски, зборувајте по текстот на законот, затоа што зборувате нешто што навистина мене не ми е логично. На другие може да им е логично.

**Блаже Стојаноски:** Се работи за дефинирање на односите помеѓу трудо ти капиталот. Мора да има цена на трудот и таа цена треба да биде утврдена.

**Љупчо Јордановски:** Тоа на пазар ќе се постигне и затоа не е регулирано овде фиксно. На пазар ќе се утврди таа цена на трудот.

**Блаже Стојаноски:** Да, ама Македонија нема пазарна работна сила. Со 400.000 невработени не можеме да го направиме тоа.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е друга работа. Сега зборуваем за закон кој треба да дефинира некои општи односи. Повелете.

**Блаже Стојаноски:** Се согласувам, меѓутоа треба да биде применлив законо ти тоа е проблем во Република Македонија.

Добро, да се вратиме на текстот на законот.

Значи покрај овие начела што ги кажав, основната работа која беше, беше таа. Има некои работи што сакав да ги искажам и во текот на амандманската расправа. Нешто се обидов да го искажам, меѓутоа, морам тука да ги елаборирам малку појасно моите аргументи во поглед на правата на работниците и начинот на кој се обидува Владата да ги штити овие права, затоа што сметам дека на тој начин, фактички штитејќи ги правата, ниту се штитат правата на работниците,ниту пак се обезбедува заштита на правата на работодавачите. Зборувам за договорот за вработување, начин на престанување на важноста на договорот за вработување на работниците на кои, заради поведување постапка за престанок, им престанува работниот однос во согласност со закон и правата кои им се даваат со овој закон, врз основа на тој основ.

Значи, во точка 3 во членот 62, договорт за вработување престанува да важи заради престанување на работодавачот, согласно законот. Владата тргнува од тука при утврдувањето на членот 66, вослучај на отворање на постапка за престанок од страна на работодавачот, преестанува да важи договорт за вработување на работникот, во согласност со закон. Значи двапати зборуваме за исто реШение.

Меѓутоа, во членот 67 стои дека на работниците на кои заради поведување на постапка за престанок на работодавачот, им престанува работниот однос во согласност со закон и им се обезбедува право на исплата на: плати, придонеси од плата за пензиско и инвалидско осигурување и надоместоци за периодот од последните три месеци пред почетокот за престанок на работодавачот. Овде сметам дека Владата покажала недоволно познавање на оваа регулатива која се однесува на престанокот на правните лица односно на работодавачите. Зошто го зборувам ова?

Прво, согласно другите одредби од законот, работодавачот има обврска да исплаќа палта и надоместоци од плата. Овде се работи за престанок на работодавачот. Престанокот на работодавачот може да биде во два случаи: редована ликвидација, која согласно другите законски прописи значи исполнување на сите обврски кон доверителите, од страна на работодавачот, на правното лице и на тој начин судот донесува решение за редовна ликвидација на таа фирма. Од друга страна кога зборуваме за престанок на работното лице во случај на стечај, тогаш зборуваме за престанок на работно лице заради негова инсолвентност или неспособност за плаќање, и негова неликвидност. Значи, ако некој пошол во стечај, тогаш решението за стечај значи утврдување на една ситуација во која не можете вие да ги привелигирате доверителите. Ако може поинаку да го поставам прашањето. Од каде ќе бидат исплатени овие три палти и зошто само три, а зошто не сите обврски кои ги имаат работодавачите кои падналe во стечај, спрема вработените, што не ги исплаќале еден подолг период наназад. Дали тоа значи дека овој закон треба да биде во колизија со Законот за стечај вокој имаме подеднаков третман на доверителите, затоа што е многу непријатна таа ситуација и не може тоа да стои.

Понатаму, ако веќе има промена на работодавачот.

Промена на работодавачот, член 68, сега одам понатаму, бидјеки со член 67, мислам дека министерот ме разбра што е целта на мојата дискусија, сметам дека начино тна кој се дефинира ова прашање не е доволно јасен, барем јас тоа не можам да го видам. Ако тоа значи дека ќе има некој посебен фонд од кој би се исплатиле овие три палти, или колку се тука, три месеци пред почетокот на постапката за престанок на работодавачот, тоа е некое друго решение кое го нема во овој закон. Меѓутоа некои три месеци претходно да може да ги собира тие пари и да знае дека после три месеци ќе се отвори постапка за престанок на работодавачот, навистина не може да претставува законско решение.

За промена на работодавачот.

Што подразбирате под промена на работодавачот? Ако еден работник е вработен кај еден работодавач односно кај едно правно лице, затоа што ако зборувате за субјект како физичко или правно лице кое претставува основач на одредена фирма, а тој субјект истовремено е основач и на други фирми, тогаш промената на работодавачот морате да ја сватите како промена на субјектот каде е вработен работникот. Сега ако се променува субјектот каде е вработен работникот, вие овде велите дека сите права, обврски и одговорноси од договорот за вработување и работен однос, фактички тука се донесени сите тие права, обврски и одговорности, другото е согласно закон уредено и нема потреба од посебно истакнување, преминуваат на новиот работодавач, во случаите на статусни промени. Значи во точката 2 од овој член наведувате, сите права, обврски и одговорности на вработените работници, новиот работодавач е должен да ги обезбеди најмалку за една година односно до истекот на договорот за вработување односно колективниот договор кој го обврзал претходниот работодавач, а зборуваме за стаусни промени. Значи, една фирма престанува д апостои и од таа фирма се формираат две или повеќе нови фирми, колку што можам да разберам. Договорот за вработување на работникот е склучен со претходната фирма. Предвидени се начините за престанок на работниот однос, во согласност со овој закон, се знае, отказ, доброволно напуштање и т.н. Сите тие основи за престанок на работниот однос ги имаме.

Ако веќе соовој член се сака стариот работодавач да има обврска да ги преземе работниците кои биле вработени кај него, при статусните промени

на фирмата, затоа што статусни промени може да значат и промена на дејноста на фирмата. Вие не можете да зачувате, не знам, електроинжињер ако работите некои работи од областа на културата, зборувам напамет. Не можете да му дадете обврска на стариот работодавач, при основањето, ова е основање на нови фирми, да има обврска да ги задржи истите вработени во новите фирми и дополнително му давате уште една обврска дека сите права, обврски и одговорности на работниците, новиот работодавач е должен да ги обезбеди најмалку за една година. Што значи тоа? Го принудувате новиот работодавач да  им исплати една година нанапред на тие работници, без притоа да има било каква корист од нивната работа во тие фирми. Добро е ког аби имале таква позиција, меѓутоа зборувам за ситуации кои значат непостоење на можност за ангажирање на работниците вработени во претходните фирми.

Ако сакате да ги заштитите работниците кои што биле вработени кај претходниот работодавач, ако е тоа интенцијата на овој член, тогаш можете многу лесно да го зголемите бројот на испратнини и тоа да важи за сите работници, кои треба да ги штитите. Затоа што, вие не можете специјално да ги штитите само работниците вработени кај работодавачи и во фирми кои што понатаму имаат статусни промени, а од друга страна сите други кои остануваат без работа по различни основи, со престанок на работен однос, од стечај, од деловни и други причини, да се намалува бројот на испратнините и фактички да му се оневозможува периодот во кој што тие би имале социјална сигурност со изнаоѓањето на нова работа, а нова работа малку тешко се обезбедува во Република Македонија. Значи, ако одите во тој правец и по тој принцип, сметам дека дефинитивно тоа значи една недоследност во конципирањето на овој закон од страна на предлагачот.

Членот 80 зборува за условите за откажување на договорот за вработување од лични причини. Лични причини во члено 80 е наведено следното: "Работодавачот може да го откаже договорот за вработување на работникот од лични причини на страна на работникот, ако на работникот му се обезбеден и потребните услови за работа и му се дадени соодветни упатства, насоки или писмено предупредување од работодавачот во врска со работата дека работодавачот не е задоволен од начинот на извршување на работните обврски и ако по даденото предупредување во рокот утврден од работодавачот, работникот не го подобри своето работење. Значи дека работодавачот по овој основ може во секој момент да му го откаже договорот за вработување на работникот, затоа што не е задоволен од начинот на извршување на работните обврски. Незадоволството на работодавачот може да биде различно и тоа навистина е наведено во самиот наслов на овој член, услови за откажување на договорот за вработување од лични причини. Затоа што, лично работодавачот така смета. Мора да има некои објективизирани критериуми кои што ќе значат барем рамковно определување што е тоа што ќе значи незадоволство на работодавачот од работењето на работниците. Затоа што, вака како што стои овој член буквално во секој момент секој може да биде избркан од работа, заради незадоволство на работодавачот од работата која што ја врши. Тука сметам дека Синдикатот е тој кој што треба да се претстави како  вистински претставник на работниците и да каже како дава согласност за вакви одредби, меѓутоа, факт е дека со ова многу се олеснува флексибилноста на работната сила односно многу лесно може да се случува отпуштање на еден работник, вработување на друг работник и тн. и сето тоа да биде или од лични причини или од причини на потребите на работодавачот, односно на функционирањето на неговата деловна активност. Тоа како принцип е продолжено и во членот 99 во точката 2 каде што работникот не ја извршил успешно пробната работа и исто така работодавачот може да каже довидување или збогум. Меѓутоа и тука нема објективизирани критериуми. Е, сега, овде многу е интересен членот 100, отказ од страна на работникот. Многу интересен наслов, работникот си дава сам себе си отказ. Значи, во членот 100 е наведено дека работникот може по истекот на три дена откако претходно писмено го предупредил работодавачот на исполнувањето на обврските да му го откаже договорот за вработување. Сега, овде Владата наведува што се може да се случи во една фирма кога не се води контрола на нејзиното функционирање согласно законот. Така што, во точката 1 наведува дека работодавачот повеќе од три месеци не му обезбедува работа и така не му ја исплаќа определената плата. Значи, три месеци работникот оди на работа, ниту работи, ниту зема плата и тогаш во тој случај може да му даде отказ на работодавачот и да му каже јас повеќе не идам на работа и тоа да биде оправдано. Значи, три месеци не му обезбедува работа, не му ја исплаќа определената плата и работникот му дава отказ на работодавачот и си заминува од неговата фирма.

Понатаму, точката 2 вели дека не му е овозможено вршење на работата, заради одлука на надлежната инспекција за забрана на вршење на работниот процес или забрана на примена на средствата за работа подолго од 30 дена и работодавачот не му ја исплаќа законски определената плата. Во тој случај работникот може да му даде отказ на работодавачот.

Точката 3 вели дека работодавачот најмалку три месеци исплаќа намалена плата за работата. Каква е оваа намалена плата? Значи, плата која што не е дефинирана во договорот, работа во толкав износ, туку во помал износ од она што е дефинирано во договорот. Се работи, на тој начин заштитата на работникот може да биде само

судска и ваква каква што е наведена во членот 100 да му даде отказ на работодавачот.

Во точката 4 стои дека работодавачот три пати последователно или во период од шест месеци не исплаќа плата за работата во законски односно договорно определениот рок. Значи, три пати последователно не ја исплаќа платата за работата во рокот кој што е наведен во договорот за работа. Тогаш, пак работникот може оправдано да му даде отказ на работодавачот.

Во точката 5 стои дека работодавачот не ја обезбедува заштитата на работникот при работа и работникот од работодавачот и кога работникот претходно побарал отстранување на закануваčката непосредна неизбежна опасност за животот и здравјето. И, овде, наместо да се вклучат надлежните служби и да ја доведат ситуацијата во законските норми, се случува една друга ситуација во која што Владата му дава можност на работникот да му даде отказ на работодавачот.

Во точката 6 стои дека работодавачот го навредува и насилнички се однесува кон него или наспроти неговите предупредувања не го спречува таквото однесување од страна на другите работници. Кога нема кој да го заштити работникот, му дава отказ на работодавачот и исто така си заминува од работа. Да не ги читам другите точки, има уште две точки. Сметам дека последицата на овие ситуации кои што се наведени во членот 100, во никиој случај не може да биде отказ кој што би бил законски уреден отказ, туку единствено би бил основ за поведување на постапка која што значи прекршување на позитивните законски прописи спрема работодавачот. Не може кога работодавачот не му обезбедил заштита при работа на работникот, работникот да добива право на отказ. А, од друга страна да не постои начин на кој што би се задлжил работодавачот таа ситуација да ја промени и од друга страна да се оправда работникот пред, тој е фактички оправдан пред законот, затоа што со ништо не ги прекршил законските обврски кои му се дадени, но мора присилно да даде отказ. Не можам да го разберам ова и сметам дека овој начин апсолутно не значи ниту заштита на работодавачот, затоа што на овој начин се штитат работодавачите кои не ги почитуваат, ниту пак заштита на работникот, затоа што на овој начин не се штитат оние работници на кои што им се прекршени правата кои што ги имаат согласно со законот од страна на работодавачите.

За платата доволно кажавме. Сметам дека во однос на штрајкот, членот 237 зборува за отстранување на работници од процесот на работа од страна на работодавачот за време на штрајкот. Во точката 2 стои дека бројот на работници отстранети од работа не смее да биде поголем од 2% од бројот на работниците учесници во штрајкот. Точката 3 од овој член наведува дека работодавачот може да ги отстрани од процесот на работа само оние работници кои со своето однесување поттикнуваат насилничко и недемократско однесување. Ако е за недемократско однесување, јас мислам дека сите ќе останат без работа, посебно претставниците на власта. Меѓутоа, навистина не можат да разберат што значи недемократско однесување на работникот и тоа да биде основ за отстранување на работникот од работа на работодавачот. Со што се оневозможуваат преговорите помеѓу работниците и работодавачот. Овој член остава само простор за разбивање на штрајковите од страна на работодавачите, а со ништо не го регулира решавањето на проблемот кој што довел до штрајкување на работниците.

Да не должам повеќе, има уште работи кои што сакав да ги кажам. Кажав она што сметав дека навистина не претставува остварување на целта на овој закон односно јасно дефинирање на односите меѓу работниците и работодавачите, затоа што јасното дефинирање значи заштита, пред се, на работодавачите, остварување на профитабилно работење на тие фирми и создавање на услови и за нови инвестициони вложувања и за нови вработувања и за една деловна активност кон која што сите се стремиме како граѓани на оваа држава. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине министре, барате збор или реплика?

Повелете, имате реплика од три минути.

**Стевчо Јакимовски:** Не би сакал почитуваниот пратеник Блаже да си замине со заблуда за членот 100 и би сакал да му го појаснам. Значи, тоа е оној дел кога работникот му дава отказ како резултат на неисполнување на одредени точки од договорот од страна на работодавачот во кој што се наведени прашањата, ако не примил повеќе од три месеци плата, ако фирмата е затворена од страна на надлежни инспекции и ако во следните шест месеци со прекини примал плата и тн.

Почитуван, господине пратеник, во договорот за работа меѓу работникот и работодавачот постои отказен рок. Отказен рок во кој што работникот е должен да го почитува кога сака да си оди. Може да биде 30, 60, 90, а можеби и повеќе. Исто така, работодавачот кој сака да му го откаже договорот, исто постои отказен рок. Е, ова е ситуација во која што работникот нема обврски да го почитува отказниот рок. Едноставно, го известува и во рок од три дена си оди. Дали сум доволно јасен, не знам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Имате една минута господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Исклучително сте јасни, господине министре, меѓутоа, не пишува во тој закон кои се санкциите до колку престанокот на работниот однос е по вина на работодавачот. Затоа што, сите тие основи престануваат по вина на работодавачот. Во тој случај работникот си

дава отказ без отказен рок, меѓутоа, последиците од тие ситуации не се дефинирани во овој член.

**Љупчо Јордановски:** Дообјаснете, господине министер.

**Стевчо Јакимовски:** Во други закони се решени овие прекршоци и тие се санкционираат со други закони.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Објавувам пауза.

Почнуваме со Сто и трета седница во 15,00 часот.

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 14,00 часот).